ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03. Бр / Nr. 205/22
29.03. 2022 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

**ВОВЕД**

Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно уставниот поредок и начелото на поделба на властите, како највисок суд во државата и носител на судската власт, преку надлежноста на Општата седница ја следи работата на сите судови во Република Северна Македонија, со што се обезбедува принципот на самостојност и независност на судската власт.

Во рамки на своите законски надлежности Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија дава оценка за нивното функционирање од аспект на ажурноста и квалитетот во обезбедување на правдата и заштитата на основните човекови права и слободи, како и во обезбедувањето на правната сигурност на граѓаните на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за судовите и Деловникот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 29.03.2022 година се одржа проширена Општа седница за разгледување на извештаите за работа на судовите во Република Северна Македонија за 2021 година, на која беа поканети и присуствуваа претседателот на Вишиот управен суд и претседателите на Апелационите судови Скопје, Битола, Гостивар и Штип, а не присуствуваа претставници на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

За обезбедување на начелото на транспарентност, беа поканети и работата на проширената Општа седница со голем интерес ја следеа претставници на средствата за јавно информирање, телевизиски куќи и интернет портали.

Податоците од извештаите на судовите за 2021 година покажуваат дека од страна на судиите и судската служба е вложен голем труд поради што може да се констатира дека и во вонредни услови на пандемија предизвикана од Ковид 19, со постојните човечки ресурси, судиски кадар и стручна служба, информатичка технологија, просторни и материјално финансиски услови, поголем број од судовите ажурно ја завршиле извештајната година.

Судовите 2021 година ја започнале со 98.188 предмети како остаток од претходната година. Во текот на 2021 година, новопримени се 524.771 предмет, заедно со предметите повторно во работа 5.132 и 269 погрешно заведени предмети, вкупно имале 627.837 предмети. Решени се 531.957, останале нерешени 95.880 предмет. Со тоа, како крајна позитивна констатација е дека поголемиот број на судови во 2021 година успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот.

Вишиот управен суд во текот на 2021 вкупно имал во работа 4.297 предмети, новопримени се 3.155 предмети а решени се 3.502 предмети, со што е совладан приливот на предмети.

Управниот суд во текот на 2021 вкупно имал во работа 13.434 предмети, новопримени се 8.871 предмет а решени се 7,854 предмети, со што не е совладан приливот на предмети.

Апелационите судови во текот на 2021 вкупно имале во работа 32.625 предмети, новопримени се 24.856 предмети а решени се 23,916 предмети, со што не е совладан приливот на предмети.

Основните судови во текот на 2021 вкупно имале во работа 577.481 предмет, новопримени се 487.889 предмети а решени се 496.685 предмети, со што успеале да го совладаат приливот на предмети.

Од усвоените оценки и заклучоци по извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија и дадените предлог мерки останува впечатокот дека може да се постигнат уште подобри резултати доколку се пополнат упразнетите судиски места со избор на нови судии, да се пополнат упразнетите работни места во судската служба по разни основи со соодветен кадар, да се обезбеди континуирана едукација, како и со обновувањето на информатичката опрема, подобрување на просторните услови и материјалната и финансиска состојба.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

### ***ВИШ УПРАВЕН СУД***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

На почетокот на извештајниот период за 2021 година, во Вишиот управен суд останале нерешени 1.147 предмети, новопримени се 3.155 предмети, погрешно заведени 5 или вкупно во работа биле 4.297 предмети, од кои се решени 3.502 предмети, а останале нерешени 795 предмети.

Во текот на 2021 година Вишиот управен суд административно вратил 230 предмети во Управниот суд поради пропусти во подготвување на предметите и нецелосно преземени дејствија, а од нив 222 се вратени во Вишиот управен суд.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа на почетокот на 2021 година немало нерешени предмети од судска управа, новопримени се 1.184 предмети и сите се решени.

Од примените предмети во Судската управа во уписникот „Су“ се евидентирани вкупно 942 предмети, од кои под „Су.Стр.Дов“ се евидентирани 2 предмети и истите се решени. Во уписникот „УПП“ се евидентирани 237 предмети и истите се решени. Во уписникот „СПИ“ се новопримени 5 предмети и истите се решени.

**Работа по оддели**

**Специјализиран судски совет за имотно-правна област и други права**

Од претходната 2021 година останале нерешени 278 предмети од имотно-правна област и други права, новопримени се 903, погрешно заведени 3 или вкупно во работа биле 1.178 предмети. Вкупно се решени 926 предмети, а останале нерешени 252 предмети. На ниво на овој совет совладан е приливот за 23 предмети, односно намален е заостатокот за 26 предмети.

**Специјализиран судски совет за пензии, инвалидски, социјални, здравствени права, права од работен однос, финансиски и други права**

Во овој совет од претходната 2021 година останале нерешени 410 предмети, новопримени се 803 предмети, погрешно заведени 1 предмет или вкупно во работа биле 1.212 предмети, од кои се решени 964 предмети, останале нерешени 248 предмети. На ниво на овој совет совладан е приливот за 161 предмет, односно намален е заостатокот за 162 предмети.

**Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права**

**Прв совет за правата од областа за даноци и други права**

Во овој совет од претходната 2021 година останале нерешени 238 предмети, од друг оддел се примени (прераспределени) 133 предмети, новопримени се 572 предмети, погрешно заведени 1 или вкупно во работа биле 942 предмети, од кои се решени 758 предмети, останале нерешени 184 предмети. На ниво на овој совет совладан е приливот за 186 предмети, односно намален е заостатокот за 54 предмети.

**Специјализиран судски совет за даночни, царински и други права**

**Втор совет за правата од областа за царини и други права**

Во овој совет од претходната 2021 година останале нерешени 221 предмети, дадени во друг оддел (прераспределени) 133 предмети, новопримени се 877 предмети или вкупно во работа биле 965 предмети, од кои се решени 854 предмети, останале нерешени 111 предмети. На ниво на овој совет не е совладан приливот за 23 предмети, но е совладан заостатокот за 111 предмети.

**Состојба со стари предмети**

Во Вишиот управен суд заклучно со 31.12.2021 година, нема стари нерешени предмети.

**Човечки ресурси**

Во 2021 година во Вишиот управен суд има Претстседател на судот и 13 судии.

Во овој суд вработени се вкупно 14 судски службеници и 1 припадник на судска полиција.

Во текот на месец декември 2021 година бил објавен Јавен оглас број 1/2021 за 5 работни места.

Според утврден број на работни места во Правилникот за систематизација на работни места во Вишиот управен суд, потребно е пополнување на бројот на извршители и кадровска доекипираност (пред се дактилографи и судски соработници). Во Вишиот управен суд има вработено само еден припадник на судска полиција, чие работно време завршува во 15,30 часот, а потоа нема дежурства, а заради заштита во судот има поставено видео надзор кој се врши преку 4 камери кои се поставени во внатрешноста на деловните простории на Судот.

**Просторни капацитети**

Од своето основање Вишиот управен суд активностите од законската надлежност ги остварува во објектот кој се наоѓа во станбен објект, во вкупна површина од 484 м2 кој располага со 17 работни простории во кои се чуваат предметите по кои одлучува овој суд и 3 мали помошни простории кои служат за

чување на канцелариски материјал, фотокопир и слично. Наведениот станбен простор во кој е сместен Вишиот управен суд не ги задоволува потребите на судиите и вработените, бидејќи судиите се сместени во простории кои се многу мали и тоа во една просторија по двајца судии.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во текот на извештајниот период, Вишиот управен суд го совладал приливот на предмети за 347, односно го намалил заостатокот на нерешени предмет за 352 и се смета за **ажурен суд**. Просторните услови за работа не ги задоволуваат потребите на судиите.

Предлог мерки:

Кадровско екипирање на судот со судски советници и соработници, како и дактилографи;

Обезбедување соодветни просторни услови за работа на Вишиот управен суд;

Континуирана едукација на судиите и останатите вработени во судот;

Воспоставување електронска интерконекција на органите со Управниот суд и Вишиот управен суд.

## ***<u>УПРАВЕН СУД</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

На почетокот на извештајниот период за 2021 година, во Управниот суд останале нерешени 4.389 предмети, новопримени се 8.871 предмети, повторно заведени 222 предмети, погрешно заведени 48 предмети или вкупно во работа биле 13.434 предмети, од кои се решени 7.854 предмети, а останале нерешени 5.580 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа од претходната година останале нерешени 2 предмети, новопримени 1.827 предмети, или вкупно во работа биле 1.829 од кои се решени 1.819, а останале нерешени 10 предмети.

Во уписникот „Су“ се евидентирани новопримени 1.306 предмети, решение се 1.300, останале нерешени 6 предмети. Во уписникот „Су-Дов“ новопримени се 9 предмети и истите се решени. Во уписникот “СПИ“ новопримени се 28 и истите се решени. Во уписникот “УПП“ останале нерешени од претходната година 2 предмети, а новопримени се 484 предмети и од вкупно во работа 486 предмети, решени се 482 предмети, а 4 предмети останале нерешени.

**Работа по оддели**

Работата по предметите во овој суд во 2021 година се одвива во три специјализирани оддели и тоа:

**Оддел за имотно–правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**

Во овој оддел функционираат три совети и тоа: еден совет кој постапува и одлучува по предмети од имотно-правна област и други сродни права и два совета кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права.

**Состојба со предметите од област на имотно-правната област и други сродни права**

Од претходната 2021 година останале нерешени 505 предмети од имотно-правна област и други сродни права, новопримени се 1.100 предмети, новопримени од друг судија се 15 предмети, дадени на друг судија се 15 предмети, погрешно заведен е 1 предмет и од вкупно во работа 1.604 предмети, вкупно се решени 937 предмети, а останале нерешени 667 предмети. На ниво на овој совет не е совладан приливот за 163 предмети, односно зголемен заостатокот за 162 нерешени предмети.

**Состојба со предмети од област на денационализација и други права, урбанизам, градежништво и други сродни права**

Од претходната 2021 година останале нерешени 1.205 предмети, новопримени се 2.074, новопримени од друг судија се 173 предмети, дадени на друг судија се 167 предмети, погрешно заведени 17 предмети или вкупно во работа биле 3.268 предмети, вкупно се решени 2.129 предмети, а останале нерешени 1.139 предмети. Совладан е приливот за 55 предмети, односно намален заостатокот за 66 предмети.

**Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други сродни права**

Во овој оддел функционираат два совети, од кои едниот е надлежен за предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, а другиот за предметите од областа за царините и други права.

**Состојба со предмети од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права**

Од претходната 2021 година останале нерешени 242 предмети, новопримени се 895 предмети, новопримени од друг судија 91 предмет, дадени на друг судија 91 предмети, погрешно заведени 3 или вкупно во работа биле 1.134 предмети, вкупно се решени 635 предмети, а останале нерешени 499 предмети. Не е совладан приливот на предмети за 260, односно зголемен е заостатокот на нерешени предмети за 257.

**Состојба со предметите од областа на царините и други сродни права**

Од претходната 2021 година останале нерешени 1.472 предмети, новопримени се 2.460 предмети, новопримени од друг судија 1.000 предмети, дадени на друг судија 1002 предмети, погрешно заведени 16 или вкупно во работа биле 3.914 предмети, вкупно се решени 2.280 предмети, а останале нерешени 1.634 предмети. Не е совладан приливот на предмети за 180 предмети, односно зголемен е заостатокот за 162 предмети.

**Оддел за јавни набавки и други сродни права**

Од претходната 2021 година останале нерешени 965 предмети, новопримени се 2.562 предмети, новопримени од друг судија 946 предмети, дадени на друг судија 950 предмети, погрешно заведени 11 предмети или вкупно во работа биле 3.512 предмети, вкупно се решени 1.871 предмети, а останале нерешени 1.641 предмети. Не е совладан приливот за 691 предмет, односно зголемен е заостатокот за 676 предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Во 2021 година во Управен суд се поднесени 2.777 жалби, а од Вишиот управен суд со второстепени одлуки се вратени 3.368 предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на оддели**

**Оддел за имотно-правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**

**Предмети од областа на имотно-правна област и други сродни права**

Од вкупно 353 примени по жалба предмети во Вишиот Управен суд, 250 се потврдени или 70,82%, 25 преиначени или 7,08%, 29 укинати или 8,22%, и 48 отфрлени или 13,60%.

**Предмети од областа на денационализација и други права, урбанизам, градежништво и други сродни права**

Од вкупно 631 примени по жалба предмети во Вишиот Управен суд, 388 се потврдени или 61,49%, 85 преиначени или 13,47%, 61 укинати или 9,67% и 97 отфрлени или 15,37%.

**Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царина и други права**

**Предмети од областа на пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права**

Од вкупно 317 примени предмети по жалба во Вишиот Управен суд, 209 се потврдени или 65,93%, 64 преиначени или 20,19%, 16 укинати или 5,05% и 28 отфрлени или отфрлени 8,83%.

**Предмети од областа на царините и други сродни права**

Од вкупно 1.255 примени предмети по жалба во Вишиот Управен суд, 906 се потврдени или 72,19%, 165 преиначени или 13,15%, 69 укинати или 5,50% и 114 отфрлени или 9,08%.

**Оддел за јавни набавки и други сродни права**

Од вкупно 812 примени предмети по жалба во Вишиот Управен суд, 532 се потврдени или 65,52%, 77 преиначени или 9,48%, 41 укинати или 5,05% и 162 отфрлени или 19,95%.

**Состојба со стари предмети**

На почетокот од извештајниот период останале 24 стари предмети. Во текот на 2021 година статус на стари предмети добиле 153 предмети, или вкупно 177 од кои се решени 153 предмети, а на крајот од 2021 година останале нерешени 24 предмети.

**Човечки ресурси**

Во 2021 година во Управниот суд се пополнети вкупно 30 судиски места вклучувајќи го и Претседателот на судот од вкупно предвидените 33 судиски места заедно со Претседателот на судот. На еден од судиите му мирува функцијата - судија на управен суд поради тоа што е избран за Претседател на Виш управен суд. Во текот на месец јули 2021 година, поради истекот на мандатот на Претседателот на судот, со Одлука на Судскиот совет бил назначен вршител на должност – претседател на Управен суд, а со одлука на Судскиот совет на РСМ од 30.11.2021 година е избран Претседател на Управниот суд. Во текот на месец декември 2021 година, констатиран е престанок на судската функција на еден судија поради исполнување и услови за остварување на право на староснa пензија.

Во Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд заклучно со 31.12.2021 година, се предвидени вкупно 179 работни места, од кои што 78 биле пополнети, а 101 непополнети работни места, а во кои се вклучени и 13 судски службеници, вработени во судот на определено време заклучно со 31.12.2021 година.

Во текот на 2021 година, во месец март и во месец јуни во постапка на вработување без јавен оглас преку трајно превземање се вработени 2 судски службеници.

Заклучно со 31.12.2021 година, со престанок на работниот однос на 14 лица кои биле вработени со договор за вработување на определено време, во овој суд биле вработени вкупно 78 лица во рамките на судската служба, вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено време.

**Просторни капацитети**

Во извештајниот период Управниот суд се уште своите активности од законски определениот делокруг ги остварува во објектот што го користи од неговото основање во 2007 година. Поради неадекватни просторни услови за нормално и ефикасно функционирање на судот, со Одлука на Владата на Република Северна Македонија од 25.09.2018 година, даден му е на трајно користење без надомест друг објект кој во текот на 2021 година континуирано се адаптира и реновира.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во текот на извештајниот период Управниот суд не го совладал приливот на предмети за 1.017 предмети, односно го зголемил заостатокот на нерешени предмети за 1.191 предмет, заради што за периодот за 2021 година е **неажурен суд.**

Предлог мерки:

-Зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот со судски службеници;

-Обезбедување просторни услови за работењето на судот, кои ќе овозможат одржување расправа по предметите, со цел да се овозможи спроведување на Законот за управните спорови, кој се применува од месец мај 2020 година.

-Континуирана едукација на судиите и вработените во судот;

-Судот и во наредниот период да продолжи да го намалува бројот на стари нерешени предмети;

-Да се воспостави електронска интерконекција на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд.

## ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајната 2021 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 20.508 предмети, од кои 6.503 предмети кои како незавршени се пренесени од претходната година (од кои 4 се погрешно заведени), 13.931 новопримени предмети (од кои 4 се погрешно заведени) и 82 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 13.611 предмети и тоа 13.502 од новопримените предмети и 109 од предметите повторно земени во работа.

Заклучно со 31.12.2021 година останале 6.897 незавршени предмети, што претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 394 предмети во однос на претходната година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2021 година, судот имал во работа вкупно 3.046 предмети, од кои во извештајната година се решени 3.045 предмети, а останал нерешен еден предмет.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел**

**Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал, кривични предмети- деца и прекршочни предмети**

Во кривичниот оддел во извештајната година, вкупно во работа имало 1.655 кривични предмети (КЖ) од кои 443 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.199 предмети се новопримени и 13 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 1.258 предмети, што значи дека **приливот е совладан**, а на крајот на годината останале нерешени 397 предмети кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога судот имал во работа вкупно 1.233 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 422 предмети. Приливот на новопримени предмети е поголем за 314 предмети во однос на претходната година, кога се примени 898 предмети. Бројот на решени кривични предмети е зголемен за 468 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 443 предмети, во извештајната година бројот на нерешени кривични предмети е намален за 46 предмети, односно останати се како нерешени 397 предмети.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал(КОКЖ), во кој во работа имало вкупно 167 предмети, од кои 118 предмети се примени во извештајната година, 1 предмет е повторно заведен во работа, а 48 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од предметите во работа завршени се 118 предмети, што значи дека **го совладал приливот**, а како нерешени останале 49 предмети. Во однос на претходната година, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 36

предмети, приливот на нови предмети е поголем за 10 предмети, а бројот на нерешени предмети е зголемен за еден предмет.

Исто така, во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривични предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 32 предмети, од кои 31 новопримени предмети, а еден предмет е пренесен како нерешен од претходниот период, од кои во извештајната година решени се 30 предмети, а незавршени останале 2 предмети. Во однос на претходната година, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 6 предмети, приливот на нови предмети е поголем за 5 предмети, а бројот на нерешени предмети е зголемен за еден предмет.

Во рамките на овој оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочните предмети (ПРКЖ). Во текот на 2021 година во работа имало вкупно 3.672 предмети, од кои 1.891 предмет се новопримени предмети и 2 предмети се повторно заведени во работа,а 1.779 предмети се пренесени од претходната година. Судот решил 2.011 предмети, односно го совладал приливот, а на крајот на годината останале нерешени 1.661 предмет и оваа бројка е пренесена за наредната година. Во однос на претходната година кога судот имал во работа 3.727 предмети, обемот на работа во извештајната година е намален за 55 предмети, бројот на решени предмети е зголемен за 63 предмети во однос на претходната година, а бројот на нерешени предмети, остаток на крајот на 2021 година е намален за 118 предмети во однос на претходниот извештаен период.

**Квалитет на работење во кривичниот оддел**

Во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства биле 95 одлуки за кривични предмети на Апелациониот суд Скопје, што претставува 2,22% од вкупниот број 4290 донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 78 биле потврдени( 82,10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек и 1,82% од вкупно решени предмети), 15 одлуки биле укинати (15,79% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек односно 0,35% од вкупно решените предмети) и 2 одлуки се преиначени (2,11% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек односно 0,05% од вкупно решените предмети).

**Граѓански оддел**

Во текот на 2021 година судот имал во работа вкупно 6.598 граѓански предмети од кои 1.675 предмети (од нив 1 е погрешно заведен) се пренесени како нерешени од претходната година, 4.891 предмети се новопримени (од нив 1 е погрешно заведен) и 34 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 4.305 предмети, односно **не го совладал приливот,** а на крајот на годината останале нерешени 2.293 предмети, кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога во овој оддел во работа имало вкупно 6.103 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 495 предмети. Притоа, приливот во извештајната година е зголемен за 1.355 предмети во однос на претходната година, кога биле примени 3.569 предмети. Број на решени предмети во извештајната година е намален за 123 предмети во однос на претходната година, бројот на предмети кои останале во работа на крајот на извештајниот период е зголемен за 618 предмети во однос на предметите кои останале во работа на крајот на 2020 година.

**Квалитет на работење во граѓанскиот оддел**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства биле 271 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 6,29% од вкупниот број 4.305 донесени одлуки во извештајната година, од кои 183 биле потврдени (67,53% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 4,25% од вкупно решените предмети), 56 одлуки биле укинати (20,66% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,30% од вкупно решени предмети) и 32 одлуки биле преиначени(што претставува

11,81% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,74% од вкупно решените предмети).

**Оддел за работни спорови**

Во текот на 2021 година одделот имал вкупно во работа 4.373 предмети, од кои 1.641 предмет биле пренесени од претходната година, 2.730 предмети се новопримени(од кои 2 се погрешно заведени) и 4 предмети повторно во работа, при што судот решил вкупно 2.495 предмети, односно **не го совладал приливот**, а на крајот на годината останале нерешени 1.878 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, обемот на работа е зголемен за 1.145 предмети, приливот е зголемен за 1.145 предмети, злолемен е и бројот на решени предмети за 908 предмети, а бројот на предмети кои останале во работа е зголемен за 237 премети во однос на бројот на предмети кои останале во работа на крајот на 2020 година.

**Квалитет на работење во оддел за работни спорови**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства биле 107 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 4,29% од вкупниот број 2.495 донесени одлуки во извештајната година, од кои 87 биле потврдени (87,31% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,49% од вкупно решените предмети), 9 одлуки биле укинати (8,41% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,36% од вкупно решени предмети) и 11 одлуки биле преиначени(што претставува 10,28% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,44% од вкупно решените предмети).

**Оддел за трговски спорови**

Одделот во текот на извештајната 2021 година, во работа имал вкупно 3.080 предмети, од кои 868 предмети(од кои 2 се погрешно заведени) биле пренесени како нерешени од претходната година, 2.186 предмети се новопримени и 28 предмети повторно во работа , при што судот решил 2.521 предмети и го совладал приливот, а на крајот на годината останале 559 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога судот имал во работа 3.519 од овој вид на предмети, во извештајната година обемот на работата е намален за 439 предмети. Приливот на предмети во извештајната година е зголемен за 714 предмети во однос на претходната година. Бројот на решени предмети по трговски спорови е намален за 130 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.505 предмети. На крајот на извештајната 2020 година останале 559 нерешени предмети, што е за 309 предмети помалку во однос на претходната година.

**Квалитет на работење во одделот за трговски спорови**

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства биле 154 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 6,11% од вкупниот број донесени 2.521 одлуки во извештајната година, од кои 104 биле потврдени (67,54% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 4,13% од вкупно решените предмети), 42 одлуки биле укинати (27,27% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,67% од вкупно решени предмети) и 8 одлуки биле преиначени (што претставува 5,19% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,31% од вкупно решените предмети).

**Состојба со стари предмети**

Во текот на 2021 година, судот имал вкупно во работа 8.727 стари предмети, од кои 3.231 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 5.496 предмети во текот на извештајната година поминал периодот од 6 месеци од прием на предметите во судот. Во судот вкупно биле решени 6.319 стари предмети, а останале 2.408 нерешени стари предмети.

**Човечки ресурси**

Согласно со актот за систематизација и одлука од 2015 година на Судскиот совет на Република Македонија, утврдено е во Апелациониот суд Скопје, судиската функција да ја вршат претседател и 51 судија, при што во текот на извештајната година, судот функционирал во нецелосен состав.

Календарската 2021 година, судот ја започнал со 41 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот. Во текот на годината, во месец април, на еден судија функцијата му престанала поради смрт, а на 29.11.2020 година на еден судија му престанала судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија, така што судот ја завршил извештајната година со 39 судија во кој број е вклучен и претседателот на судот.

Во текот на извештајната година, во судската служба на судот, реализирани се 9 нови вработувања по објавен оглас во 2020 година. Согласно Годишниот план за 2021 година, сеуште не се реализирани вработувања, а постапката по објавен јавен оглас сеуште е во тек. Во текот на извештајната година, реализирани се 9 нови вработувања по објавен оглас во 2020 година, но со упразнетите места по разни основи, бројот на судската служба во судот на крајот на годината изнесува 119 вработени од сите категории.

**Просторни капацитети**

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, со тоа што и во извештајната година како и подолг период наназад, просторните капацитети не задоволуваат за вршење на работите од својата надлежност, со оглед што во истата зграда функционираат и други институции кои заземаат голем дел од просторот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во извештајната 2021 година Апелациониот суд Скопје имал во работа **20.508** предмети, која бројка ја сочинуваат:

- 6.503 предмети пренесени како незавршени од претходната година (од кои 4 се погрешно заведени),
- 13.931 новопримени предмети (од кои 4 се погрешно заведени) и
- 82 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година, од вкупниот број предмети во работа, судот решил 13.611 предмети и тоа 13.502 новопримени предмети и 109 од предметите повторно земени во работа, што значи дека не го совладал приливот, па судот се смета за **неажурен суд** .

Во текот на извештајната година, поаѓајќи од бројот на решени предмети и просечниот број на судии кои постапувале по истите, произлегува дека судиската функција ја извршувале со засилен ангажман.

Заради негово поефикасно и поажурно работење, за подобрување на состојбата со стари предмети, а особено за постапување по предметите во разумен рок, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција, како и да се доекипира со непополнетиот кадар од судската служба.

## ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Судот ја започнал годината со 19 850 предмети, што споредено со 2020 година кога (ОС Скопје Кривичен суд годината ја започнал со 21 427 предмети) значи дека Основниот кривичен суд Скопје на почеток на годината имал 1577 предмети помалку. Овој суд во работа примил 97 302 нови предмети и со 665 предмети повторно земени во работа и погрешно заведени 6 предмети, вкупно во работа имал 117 811 предмети (во 2020 година 101 996) и со тоа во однос на предходната година имал во работа 15 815 предмети повеќе. Од вкупниот број на предмети во работа решил 104 747 предмети а нарешени останале 13 064 предмети, што и покрај зголемениот прилив на новопримени предмети значи дека судот завршил 6 786 предмети повеќе во однос на претходната година. Статистичките податоци за работата на овој суд покражуваат дека и покрај пандемијата со вирусот COVID-19 Основниот кривичен суд Скопје извештајната година ја завржил со позитивни резултати, како ажурен суд.

### СУДСКА УПРАВА

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2204 предмети (23 предмети биле нерешени предмети со кои судот ја започнал годината), решени се 2179 предмети, а постапката е незавршена по 25 предмети. Судската управа е раководена од Претседателот на судот.

Во судот се одржува WEB страната на судот редовно и по потреба се објавуваат соопштенија за јавноста, се даваат одговори за медиуми, редовна комуникација со невладини организации, претставници со меѓународни организации во земјата и се реализираат проекти за унапредување на транспарентноста на судот. Така, во текот на 2021 година, објавени се 106 соопштенија за јавноста, 145 одговори на невладини организации и медиуми по новинарски прашања, 41 одговори на прашања поставени од граѓани преку порталот суд.мк, 42 одговори на барања за пристап до информации од јавен карактер а организирани се 2 брифинзи со новинари. Овој суд, во текот на 2021 година објавил и еден демант на медиумски текст.

Покрај тоа, во текот на 2021 година, Канцеларијата за односи со јавноста организирала и 3 факултативни посети на студенти и склучила 2 меморандуми за соработка во рамките на проектот на Министерството за образование „Учиме преку работа кај работодавачот„ со што овозможиле 60 средношколци да посетуваат факултативна пракса во судот. Во услови на вонредна состојба во текот на пандемијата со вирусот КОВИД-19, која продолжува, јавноста континуирано се известувала за Протоколите и организацијата на работата во Судот.

Во текот на 2021 година, на WEB страната на Судот, биле објавени 106 соопштенија за јавноста, одржани се 2 брифинзи со новинари, по електронска пошта до медиумите доставени се 145 одговори, а за граѓаните преку порталот sud.mk одговорено е на 41 барање. Во текот на 2021 година, на веб страната на судот биле анонимизирани и објавени 1 846 одлуки.

Судот постапувал и по поднесени барања за изземање на судии, така што од вкупно поднесени 117 барања, донесени се 28 решенија со кои барањата за изземање на судии се одбиени, 1 решение со кое барањето за изземање е отфрлено и 88 репшенија со кои барањата за изземање на судии се уважени. Во теот на 2021 година, од вкупниот број на барања за изземање 25 барања биле поднесени од странките а 92 се поднесени од самите судии.

Основниот кривичен суд Скопје во текот на 2021 година имал зачестена комуникација и ангажирање на судските слубеници како резултат на измените и дополнувањата на Законот за судовите од 2007 година, а во врска со завршените-архивирани предмети кои останале во архивите на судовите , односно не биле предадени во судовите во чија надлежност преминале. Ова особено се однесувало на извршните и трговските предмети кои по барање на странките преку управата на Основниот граѓански суд Скопје, постојано биле предмет на постапување поради

продолжување на постапката пред наведениот суд. Целата таа постапка претставувала дополнително оптоварување на управата на судот , а барала и дополнително ангажирање на недоволниот број на судиски службеници, како и зголемување на материјалните трошоци.

Основниот кривичен суд Скопје во изминатата година ја продолжил и соработката со Министерството за правда на РСМ и Министерството за внатрешни работи на РСМ во делот на постапување по барањата за меѓународна правна помош, екстрадициите и постапките за трансфер на постапки и осудени лица.

Во текот на 2021 година, по одобрените средства од страна на Судскиот Буџетски Совет на РСМ, од страна на Основниот кривичен суд Скопје, изготвен е годишен план за јавни набавки според кој биле предвидени да се спроведат 25 постапки за јавни набавки. Од планираните постапки реализирани се вкупно 16 постапки од кои 1 постапка како групни јавни набавки, 3 поедноставени отворени постапки и 12 како набавки од мала вредност.

Уредно се извршувани финансиските обврски спрема добавувачи, бранители по службена должност и поротници.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Работата на Основниот суд Скопје е организирана по оддели и одделенија и тоа: специјализирано судско одделение за организиран криминал и корупција и Кривичен оддел со посебни оддели: Кривично полнолетни, Кривично малолетни, Кривично Истрага, Кривично предходна постапка, Оддел за прекршоци и Оддел за извршување на санкции и мерки на безбедност.

**Специјализирано одделение за организиран криминал и корупција**

Предмети за судење - Од претходната година имало заостаток од 143 предмети. Примени се нови 165 предмети или вкупно во работа имало 308 предмети. Од тоа решени се 159 и незавршени останале 149 предмети. Од вкупниот број на завршени предмети 152 предмети се решени со пресуда, 4 предмети се решени со решение и 3 предмети се решени на друг начин.

Оценка на обвинителен акт - Од претходната година имало заостаток од 10 предмети. Примени се во работа нови 53 предмети или во работа вкупно имало 63 предмет. Од тоа незавршени останале 7 предмети. Од вкупниот број на завршени предмети 6 предмети се решени со пресуда, 47 предмети се решени со решение и 3 предмети се решени на друг начин.

Во извештајниот период, од решените 159 предмети обжалени се 90 предмети или 56,60%. Од обжалените предмети 62 предмети или 38,99 % се потврдени, 16 предмети или 10,06% се укинати и 12 предмети или 7,55 %, се преиначени.

**Кривичен совет-Организиран криминал и корупција**

Во работа вкупно имало 1793 предмет, завршени се 1731 предмети и незавршени останале 62 предмети.

Во 2021 година, обжалени биле 208 предмети или 12,02% од кои 189 предмети се потврдени, 2 предмети се укинати што е 0,12% од одлуките, а преиначени се 17 предмети што е вкупно 0,98%, односно, 98,9 % од одлуките биле правилно донесени.

**Кривично полнолетни**

Предмети за судење - Од претходната година имало заостаток од 1 647 предмети. Примени се нови 3 101 предмети и во работа вкупно имало 4 748 предмети. Од тоа, решени се 3 213 предмети и незавршени останале 1 535 предмети. Од вкупниот број на решени предмети, 2 998 предмети се завршени со пресуда, а 204 предмети се решени со решение и 11 предмети се решени на друг начин.

Оценка на обвинителен акт - Од претходната година имало заостаток од 25 предмети. Примени се нови 227 предмети, па така во работа вкупно имало 252 предмети. Од тоа, решени се 221 предмети и незавршени останале 31 предмети. Од вкупниот број на решени предмети, 2 предмети се завршени со пресуда, а 180 предмети се решени со решение и 39 предмети се решени на друг начин.

Квалитететот на работењето на Кривичниот оддел полнолетни, покажува дека од решените 3 213 предмети обжалени се 553 предмети или вкупно 11,92% од вкупниот број на решени предмети. Од обжалените предмети, 396 одлуки или 12,33 % се потврдени, 70 предмети или 2,18 %, се укинати, 87 одлуки или 2,71% се преиначени, односно, 82.78 % од одлуките биле правилно донесени.

**Кривичен совет-полнолетни**

Од претходната година имало 254 предмети, примени се во работа нови 2 847 предмети, па во работа вкупно имало 3 101 предмети. Од вкупниот број на предмети решени се 2 913 предмети и незавршени останале 188 предмети.

Квалитетот на решени предмети во Кривичниот совет покажува дека од вкупниот број на решени 2 913 предмети, обжалени се 175 одлуки или вкупно 6 %. Од вкупниот број на обжалени предмети, вкупно 153 предмети се потврдени или 87,43%, 6 се укинати или 3,43% и 16 предмети се преиначени или 9,14%.

**Оддел за малолетници**

Од претходна година имало заостаток од 68 предмети со ознака КМ, а примени се нови 180 предмети или вкупно во работа во 2021 година имало 248 предмети. Од тоа решени се 170 предмети и незавршени останале 78 предмети.

Од претходна година имало заостаток од 9 предмети со ознака КРМ, а примени се нови 327 предмети и вкупно имало 336 предмети. Од тоа решени се 310 предмети и незавршени останале 26 КРМ предмети.

Во текот на 2021 година примени се вкупно 8 КЦМ предмети, а на крајот на 2021 година не останал нерешен ниту еден предмет.

Во текот на 2021 година, немало барања за одлучување за условен отпуст од издржување казна малолетнички затвор за деца ниту пак барања за помилување, па затоа и немало примени „УОКМ„ и „КПМ„ предмети.

Судиите за деца постапуваат и по прекршочни предмети спрема деца во ризик од 14 до 18 година, па така на почетокот од 2021 година биле пренесени 139 нерешени предмети од предходната година, а примени биле 463 „ПРКМ„ предмети, односно судиите постапувале по вкупно 602 предмети. Во текот на 2021 година, решени биле вкупно 480 „ПРКМ„ предмети, а на крајот на 2021 година останале нерешени вкупно 122 „ПРКМ„ предмети.

Од вкупниот број на решени 480 „ПРКМ„ предмети, со решение во 359 предмети е изречена воспитна мерка „Укор„ во 11 предмети е запрена постапката, во 34 предмети е отстапена месната надлежност, 3 предмети се решени на друг начин, во 60 прдмети е прекината постапката, во 7 предмети е отфрлен иницијалниот акт а во 6 предмети е изречена мерката „Засилен надзор од родител-старател„.

**Оддел за прекршоци**

Овој оддел ја започнал годината со заостаток од 13 668 предмети. Примени се нови 10 381 прекршочни предмети или во 2021 година, одделот работел со вкупно 24 049 предмети. Од тоа решени се 16 658 предмети и незавршени останале 7 391 предмети. Од вкупниот број на решени предмети 13 673 предмети се решени со пресуда, 2 670 се решени со решение, 311 предмети се решени на друг начин и 4 предмети се решени со спогодба.

Со Одлука на Претседателот на судот на почетокот од 2021 година формиран е Кривичен совет во Оддел Прекршоци. Во текот на 2021 година во Кривичниот совет – Оддел прекршоци примени се 107 предмети од кои решени се 78 предмети. На крајот на 2021 година останале нерешени 29 предмети. Од вкупно решени 78 предмети обжалени биле 5 предмети од кои 4 предмети биле потврдени или процентуално 5,13%, а укинат бил 1 предмет или 1,28%.

Кај овој вид предмети квалитетот укажува дека од решените 16 658 предмети обжалени се 1 331 предмети или 8% од вкупниот број на предмети. Од обжалените предмети 872 предмети или 65.52% ,се потврдени, во 245 предмети или 18,41%се преиначени и во 214 се укинати или 16,08.

**Истрага и претходна постапка**

Истражниот оддел на овој суд функционално се состои од два оддели и тоа: оддел-кривична истрага кој постапува по истражни предмети КИ и ОИД согласно стариот ЗКП и оддел кривично предходна постапка кој постапува по предмети КПП и КНЗД (и УОСК предмети), согласно новиот ЗКП.

Од старите истражни предмети-по стариот ЗКП, во работа имало 3 предмети и во текот на 2021 година не се добиени други КИ предмет, со што во извештајната 2021 година, судот имал во работа вкупно 3 предмет, 1 предмет е решен и нерешени останале 2 предмети.

**Претходна постапка-кривични полнолетни**

Одделот на предходна постапка функционално се состои од оддел на предходна постапка – кривично полнолетни и оддел на предходна постапка во одделението за организиран криминал и корупција.

**Оддел на претходна постапка – кривично полнолетни**

Од претходната година незавршени биле 4 предмети. Новопримени се 919 предмети и вкупно во работа биле 923 предмети, од кои решени се 921 предмети, а незавршени останале 2 „КПП„ предмети.

Во овој оддел во 2021 година заведени се нови 6 „КНЗД„ предмети или вкупно во работа во текот на 2021 година имало 6 „КНЗД„ предмети од кои 4 се завршени до крајот на 2021 година и за работа останале уште 2 предмети.

Постапувано е вкупно по 129 притворски предмети, при што спрема 103 лица определена е мерка притвор, за 20 лица одбиен е предлогот за мерка притвор и определена е мерка куќен притвор, додека за 5 лица одбиен е предлогот за притвор и определени се мерки на претпазливост. За 19 лица поднесени се предлози за екстрадиционен притвор и на иститите им е определена мерка екстрадиционен притвор, додека за 16 определени се мерки на претпазливост. Со тоа, во извештајната 2021 година, определени се мерки на претпазливост за вкупно 21 лице. Покрај тоа, примени се 42 предлог спогодби и 1 предлог спогодба од предходната 2020 година, или вкупно 43 предлог спогодби и сите се решени во извештајната 2021 година. Одделот постапувал и решил 5 барања за посебни истражни мерки, кои се заведени во посебен уписник. Одделот постапува по предлози за „ПИМ„ мерки за кои до 31.03.2021 година воден е посебен уписник рачно, додека од 01.04 2021 истите се заведуваат во АКМИС системот под уписник „УОСК„, па така, во овој систем за извештајната 2021 година заведени се 86 предмети, од кои решени се 66 предмети, а останале нерешени 20 предмети.

**Оддел на претходна постапка во одделението за организиран криминал и корупција**

Во овој оддел започната е годината со заостаток од 1 предмет, примени се 523 КОК-ПП предмети, односно одделот постапувал по 524 предмети, од кои решени се вкупно 507 предмети, а останале нерешени 17 КОК-ПП предмети. Исто така, заведени се 5 нови предмети ОКНЗД, а со остатокот од 1 предмет од 2020 година, вкупно се постапувала по 6 предмети од кои решени се 4 предмети а во работа останале 2 ОКНЗД предмети.

Од примените КОК-ПП предмети, 44 предмети се со предлог-спогодба од кои решени се 42 предмети а 2 предмети останале нерешени. Од примените К-ПП 61 предмети се со барање за посебни истражни мерки од кои решени се 55 предмети, а останале нерешени 6 предмети

Постапувано е по 122 притворски предмети, во кои спрема 136 лица е определена мерката притвор, за 10 лица е определен куќен притвор. Определени се мерки за претпазливост за 11 лица. Покрај тоа, за 5 лица е определен екстрадиционен притвор.

**Извршување на санкции**

Од претходната година незавршени останале 3 541 предмети. Примени се нови 25 894 предмети и вкупно во работа биле 29 435 предмети. Решени се 26 355 предмети и незавршени останале 3 080 предмети.

**Состојба со стари предмети**

Во 2021 год. вкупно во работа биле 2 449 стари предмети. Од тие предмети, решени се 1472 предмети, а незавршени останале 976 предмети.

**Човечки ресурси**

Судот ја завршил извештајната година со 51 судии. На тројца судии од предвидените со систематизација им мирува судиската функција, двајца се упатени во друг суд, а еден во Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во текот на 2021 година четворица судии се разрешени со одлука на Судскиот совет, од кои на еден судија му престанала функцијата на негово барање. Исто така, избрани се 3 нови судии, а 1 судија бил делегиран во Основниот суд Куманоово.

Во судот вкупно работат 270 судски службеници како и 16 вработени кои имаат статус на судски службеници а вршат технички и помошни работи и вкупно 16 припадници на судска полиција. На 2 судски службеници им мирува работниот однос. Вработени се и 25 судски службеници со договор на определено време. Покрај тоа, во извештајната година по спроведен јавен оглас вработени се и 2 судски службеници на неодредено време. Во текот на 2021 година, вработувањето им престанало на 9 судски службеници.

Иако со актот за систематизација на работните места се предвидени и работни места за раководни судски службеници, Основниот кривичен суд Скопје, освен еден раководител на оддел и двајца раководители на одделение, нема други раководни судски службеници. На големиот број на вработени, недостатокот на раководни судски служеници создава потешкотии во работењето на судот. Покрај тоа недостасуваат и помошно стручни службеници како што се дактилографи-записничари.

**Просторни капацитети**

Просторните капацитети со вселувањето во новата судска зграда задоволуваат. Информатичката опрема се подновува, набавена е нова и таа е инсталирана во новата зграда, но тоа е состојба која секогаш треба да се подобрува. Основниот кривичен суд Скопје укажува на тоа дека апликацијата АКМИС е спора за работа, а како причина од Едусофт било истакнато дека судот има застарени сервери кои повеќе немаат никакви гаранции и нема резервни делови за нив. Во текот на иззвештајната година судот не бил во можност да ги спроведе планираните проекти, поради што во тековната година се планира во најбрз можен рок да се изврши замена на застарените сервери. Покрај тоа, како и во извештајната година и во тековната година неопходно ќе биде:

- надградување на системот за аудио снимање на рочиштата во судниците со дополнителна видео опрема за истите,
- опремување на старата судница за организиран криминал во старата судска зграда со опрема за аудио-видео снимање на рочиштата,
- проект за преправање на две помали судници на 7ми кат во една голема која ќе служи за судење во организиран криминал,
- да се набават 30 професионални скенери, со цел сите списи што се во судот да се дигитализираат и внесат во АКМИС системот,
- набавка на 25 лцд телевизори во сите судници кои ќе служат за презентирање на аудио видео докази.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот Кривичен суд Скопје, како и во претходната година и во 2021 година, и покрај работа во услови на пандемијата со КОВИД19 вирусот, во однос на предметното работење покажал висок квалитет на работа и ажурност и се смета за **ажурен суд.**

Статистичките податоци во врска со квалитетот на работата покажуват дека овој суд се одликува со висок процент на необжалени одлуки, и со обжалени и потврдени одлуки од повисоките судови. Овие показатели укажуваат дека се работи за суд со високо квалитетни резултати во работењето. По тежината и по квантитетот на предметите Основниот Кривичен суд Скопје веројатно е еден од најоптеретените судови и под постојан надзор на јавноста и треба и во иднина да продолжи со ажурно и квалитетно работење.

Просторните услови се на релативно задоволително ниво. Во однос на состојбата со информатичката опрема, мора да се води сметка во најбрз можен рок да се изврши замена на застарените сервери. Покрај тоа, неопходно е и надградување на системот за аудио снимање на рочиштата во судниците со дополнителна видео опрема за истите, опремување на старата судница за организиран криминал во старата судска зграда со опрема за аудио-видео снимање на рочиштата, проект за преправање на две помали судници во една голема која ќе служи за судење во организиран криминал, да се набават 30 професионални скенери со цел сите списи што се во судот да се дигитализираат и внесат во Акмис системот, како и набавка на 25 лцд телевизори во сите судници кои ќе служат за презентирање на аудио видео докази. Во периодот што следи треба кадровски да се зајакне судот со раководни судски службеници и со помошно стручни службеници како што се дактилографи-записничари.

## ***<u>ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ</u>***

### ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Во извештајната 2021 година Основниот граѓански суд Скопје имал во работа вкупно 54.609 предмети, од кои 15.196 предмети како нерешени се пренесени од претходната година, 38.162 новопримени предмети, од кои 1.320 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 39.418 предмети, а останале 15.191 нерешен предмет. Во текот на 2021 година Основниот граѓански суд го совладал приливот, а заостатокот го намалил за 5 предмети.

### Квалитетот во работа на ниво на судот

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година: потврдени се 4869, односно 17,05% , преиначени се 348, односно 1,22% , укинати се 730, односно 2.56%, 157 делумно укинати односно 0.55%, споредбено со претходната извештајна година има подобрување на квалитетот.

### Состојба со стари предмети

Во текот на извештајната година во судот вкупно во работа имале 3958 предмети со статус стари предмети, од кои 2254 предмети останале нерешени од претходната година, а 2704 се примени во текот на 2021 година од кои 2443 предмети се водат како решени, а 2515 предмети останале нерешени.

Што се однесува со старите предмети не е совладан приливот и е зголемен заостатокот на стари предмети.

**Човечки ресурси**

Во текот на 2021 година судот своите законски надлежнсти ги извршувал со помал број на судии од утврдените според систематизација. Што се однесува за судските службеници и покрај времените вработувања нема доволно службеници за надзор кога странките бараат увид во предметите.

**Просторни капацитети**

Основниот граѓански суд Скопје нема просторни можности за преземање на нотарската архива, исто така има потреба за ИТ опрема компјутери и монитори.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот граѓански суд Скопје во текот на 2021 година го совладал приливот на предметите и е намален заостатокот на предметите, што значи дека Основниот граѓански суд Скопје за извештајната 2021 година се смета за **ажурен суд.**

Предлог мерки:

За да се надминат слабостите потребно е:

Избор на судии;

Изнаоѓање на простор за архивата.

## ***ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајната 2021 година Основниот суд Велес имал во работа 21.162 предмети, од кои 2.177 предмети како нерешени се пренесени од претходната година.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 18.432 предмети, а останале 2.730 нерешени предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа на почетокот на 2021 година имало 3 нерешени предмети од 2020 година. Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2021 година изнесувал 1.047 предмети од кои решени се 1.049 предмети, а останале 7 нерешени предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Во текот на 2021 година, решени се 5.741 предмети. Од нив се потврдени 622 предмети, односно 10,8%, укинати биле 138 предмети, односно 2.4% и преиначени 87 предмет, односно 1,5%.

**Предметно работење по оддели**

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 1.320 предмети. Вкупниот број на предмети во работа во 2021 година изнесувал 15.676 предмети од кои 13.729 предмето се водат како решени, а 1947 предмети останале нерешени

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 857 предмети. Вкупниот број на предмети во работа во 2021 година изнесувал 5.486, од кои решени се 4.703 предмети, а останале нерешени 783 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на оддел**

**Кривичен оддел**

Од решените 4.645 предмети, 282 предмети, односно 6.1% се потврдени, 84 предмети, односно 1,8% се укинати и 68 предмети, односно 1,5% се преиначени.

**Граѓански оддел**

Од решените 1.096 предмети во текот на извештајната година, 340 предмети, односно 31,% се потврдени, 54 предмет, односно 4,9% се укинати, а 19 предмети, односно 1,7% се преиначени.

**Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Велес, состојбата со старите предмети е следна: вкупно стари предмети по кои постапувал судот имало 465, од кои 180 останале од претходната 2020 година, примени биле 285, решени биле 255 предмети , а нерешени останале 210 предмети.

**Човечки ресурси**

Со одлука на Судскиот совет на РСМ, утврдено е судиската функција во Основен суд Велес да ја извршуваат 18 судии. Во текот на 2021 година се пополнети 16 судиски места, вклучително и Претседателот на судот. Со одлука на Судскиот совет на РСМ еден судија од месец март е делегиран во Основен суд Кавадарци и еден судија во текот на целата година е делегиран во Основен суд Неготино.

Во врска со човечките ресурси согласно со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, предвидени се вкупно 114, а заклучно со 31.12.2021 година, пополнети се 50 работни места.

Со годишниот план за вработување за 2021 година биле одобрени средства за 3 вработувања за судски службеници, било одобрено унапредување на 5 судски службеници на определено време.

**Просторни капацитети**

Во овој суд на е сместено и Основното Јавно обвинителство на кое му се отстапени 9 простори и Државното правобранителство на кое му се отстапени 3 простории на користење.

Зградата во која работи судот е реновирана во периодот од 2001 – 2009 година и е во добра сосотојба, освен фасадата на зградата, за која иако со буџетот од 2020 година биле побарани средства за реконструкција, но истите не биле одобрени.

Се применува АКМИС системот. Тонското снимање се користи во три судници. Во 2021 година за излез на лице место биле обезбедени два лап топа компјутери и два преносни штампачи, кои служеле за печатење на записниците на лице место.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Велес во тековната 2021 година не бил ажурен, бидејки не успеал да го совлада приливот на предмети. Во почетокот на 2021 година, останале нерешени 2.177 предмети , а вкупно во работа биле 21.162 предмети, од кои решени се 18.432 предмети, додека 2.730 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Велес во тековната 2021 година, бидејки не успеал да го совлада приливот за 553 предмети, се смета за **неажурен суд**.

Предлог мерки:

Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места.

Да се согледа можноста за техничко доопремување, односно реновирање на судот,

Да се потруди да го совлада приливот на предмети кај сите видови предмети и да го подобри квалитетот на решавањето на предметите.

## ***ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 520 предмети. Во работа примил 9.824 нови предмети, 133 предмети биле повторно земени во работа, вкупно во работа имал 10.477 предмети. Од тие решил 10.009 предмети и нерешени останале 468 предмети. Приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 52 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 1.272 предмети и решени се сите предмети.

Судската управа е раководена од Претседателот на судот Марица Аврамчева Зафирова.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел**

Од претходната година имало заостаток од 142 предмети. Примени со нови 6.245 предмети и 89 предмети земени повторно во работа. Вкупно во работа имало 6.476 предмети. Од тоа решени се 6.305 предмети и незавршени останале 171 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 29 предмети.

**Квалитет на работа на Кривичниот оддел**

Од решените 1.152 предмети со право на жалба, 81 предмет, или 7,03 %, се потврдени 19 предмети, или 1,39%, се укинати и 18 предмети, или 1,56 %, се преиначени.

**Граѓански оддел**

Од претходната година имало заостаток од 378 предмети. Примени со нови 2.307 предмети со 44 предмети земени повторно во работа вкупно во работа имало 2.729 предмети. Од тоа решени се 2.432 предмети и незавршени останале 297 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 81 предмет.

**Квалитет на работа на граѓанскиот оддел**

Од решените 683 предмети со право на жалба 164 предмети, или 24,01 %, се потврдени 21 предмет, или 3,08%, се укинати и 6 предмети, или 0,88%, се преиначени. (Процентот е пресметан во однос на вкупниот број на решени предмети).

**Состојба со стари предмети**

На почетокот на 2021 година Основен суд Гевгелија имал 29 постари предмети од 2 години во работа. На крајот на 2021 година во работа останале 24 стари предмети, што значи дека бројката е намалена за 3 предмети.

**Човечки ресурси**

Во извештајната година судот имал доволен број судии и администрација и во извештајот не се искажува недостаток.

Според систематизацијата во Основен суд Гевгелија во 2021 година судската функција ја извршувале 9 судиии заедно со Претседателот на судот, а еден судија во текот на годината заминал во пензија и останале 8.

**Просторни капацитети**

Зградата на судот е функционална и ги задоволува потребите на судот, но потребно е реконструкција на покривот.

Состојбата со информатичката опрема ги задоволува потребите на судот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

За работата на судот може да се заклучи следното:

Од аспект на предметното работење, судот е **ажурен**, приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 52 предмети.

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети.

Просторните услови и состојбата со информатичка и безбедносна опрема задоволува, но потребно е реновирање на покривот од зградата и инфраструктурата.

Во наредниот период треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## ***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година, Основниот суд Кавадарци од 2020 година нерешени предмети останале 1039 предмети, ново примени биле 12901 предмет. Во текот на 2021 година, во работа биле вкупно 14022 предмети. Решени биле 13133 предмети, а нерешени останале 889 предмети. Во текот на 2021 година, Основен суд Кавадарци, го совладал приливот, а заостатокот е намален за 150 предмети.

**Квалитетот во рабата на ниво на судот**

Од 13133 решени предмети, а од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година: потврдени се 275 односно 2.93%, преиначени се 21, односно 0.16% , укинати се 45 предмети, односно 0.48%.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на извештајната година во судот вкупно во работа имале 239 предмети со статус стари предмети, од кои 141 од претходната година што останале не решени, а 98 се примени во текот на 2021 година од кои решени се 189 предмети, а останале нерешени 39 предмети.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кавадарци во текот на 2021 година го совладувал приливот на предмети, заостатокот го намалил и се смета за **ажурен суд**.

Предлог мерки:

Избор на судии,

Вработување на судски службеници,

Реновирање и адаптација на судската зграда.

## ***ОСНОВЕН СУД КРАТОВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Кратово од претходната 2020 година останале нерешени вкупно 242 предмети, а новопримени во текот на 2021 година биле 2527 предмети, 32 предмети повторно биле во работа, нема погрешно завдени предмети, така што вкупниот број на предмети во работа во 2021 година бил 2801 предмети. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2021 година биле решени 2570, а останале нерешени 231 предмет.

**Судска управа**

Во работењето на судската управа, нерешени предмети на почетокот на годината нема, новопримени во текот на 2021 година биле 497 предмети, погрешно заведени нема. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 496, а останал нерешен само 1 предмет.

**Работа по Оддели и квалитет во работата**

Во Граѓанскиот оддел на Основниот суд Кратово од претходната извештајна година останале нерешени 130 предмети, новопримени биле 585 предмети, 21 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2021 година во овој оддел во работа биле вкупно 736 предмети, од кои решени биле 576 предмети и останале нерешени 160 предмети.

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Кратово од претходната извештајна година останале нерешени 112 предмети, новопримени биле 1445 предмети, 11 предмети биле повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Во текот на 2021 година во овој оддел во работа биле вкупно 1568 предмети, од кои решени биле 1498 предмети, а останале нерешени 70 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на Оддели во работата според доставениот извештај е изразен на следниот начин:**

- во Граѓанскиот оддел од вкупно 576 решени предмети, одлуките биле потврдени во 100 предмети или 17,36%, укинати 17 предмети или 2,95%, а преиначени биле 8 предмети или 1,38%.
- во Кривичниот оддел од вкупно 1498 решени предмети, одлуките биле потврдени во 20 предмети или 1,33%, укинати 10 предмети или 0,66%, а преиначени 13 предмети или 0,86%.

Воедно, Кривичниот оддел има 1 предмет отфрлено, 0,066%.

**Состојба со стари предмети**

Во извештајната 2021 година Основниот суд Кратово имал во работа вкупно 49 стари предмети, од кои кривични полнолетни К–5 предмети, прекршочни предмети ПРК-1 предмет, парнични мала вредност МАЛВП-1 предмет, работни спорови РО-3 предмети и оставински О-39 предмети, кои што се доверени на постапување кај нотар.

Од вкупно 49 стари предмети, во текот на 2021 година решени се 17 предмети, од кои: 1 предмет од кривични полнолетни, 1 прекршочен предмет, 1 предмет од парнични мала вредност, 2 предмети за работни спорови и 12 оставински предмети.

На крајот од годината останале нерешени 4 кривични предмети за кривични полнолетни, 1 предмет за работни спорови и 27 оставински предмети.

Останати се само 5 нерешени стари предмети.

Од старите 39 оставински предмети кои се доделени на постапување кај нотар останале нерешени 27 предмети, при што меѓудругото, причините за тоа се повеќе и од објективна природа поради фактот што во општина Кратово повеќе од 3 години не е именуван нотар се до месец февруари 2021 година кога е избран нотар. Предметите кои биле доделени на постапување кај нотар во Ќуманово се доделени на нотарот во Кратово и поради тоа имало мал застој во решавањето на заостанатите стари предмети.

**Човечки ресурси**

Во врска со човечките ресурси, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Кратово предвидени се вкупно 53 работни места кои треба да бидат пополнети во судот.

На 01.01.2021 година во Основен суд Кратово работните задачи за кои е надлежен судот биле извршувани од вкупно 18 вработени во судската служба, вработени на неопределено време. Со завршувањето на 2021 година три работни места останале празни и непополнети, а судот останал само со 10 судски службеници, вработени на неопределено време. Со претстојните заминувања во пензија на уште 2 судски службеници во 2022 година, состојбата со човечки ресурси во Судот ќе биде алармантана.

Основниот суд Кратово во текот на оваа година како суд со основна надлежност судската власт ја извршуваше со 3 судии колку што се и утврдени судиски места за овој суд со одлука на Судскиот совет, заклучно до 04.10.2021 година, кога на еден

судија му престана функцијата поради остварување на правото на старосна пензија. Од 28 декември 2020 година, функцијата Претседател на судот ја извршува судија од Основен суд Куманово, којшто во текот на 2021 година не постапуваше по судски предмети. Со тоа на крајот од 2021 година во судот останаа судиската функција да ја извршуваат 2 судии, а Претседателот ја извршуваше само функцијата на Претседател на судот, согласно Годишниот распоред за работа за 2021 година. Според распоредот за работа на судот за 2021 година сите тројца судии работеа на предмети од сите области и предметите беа распределувани со автоматска распределба во АКМИС системот.

**Просторни капацитети и информатичка технологија**

Основниот суд Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на основен суд, во која за секој судија има своја канцеларија со сопствено работно биро и компјутер. Во судот има 3 судски сали опремени за судење, во кои се одржуваат судските рочишта, од кои една сала е опремена за тонско снимање на рочиштата во парнична постапка. Сериозен проблем во работењето на судот кој со години се провлекува е тоа што судот има систем за загревање-парно кое што работи на електрична енергија и коешто е неекономично, застарено и не ја постигнува задоволувачката температура за нормална работа во судските простории. Исто така, потребно е старите и дотраени дрвени прозорци на судот да се заменат со нови, а и да се подобри системот за затоплување во судот со поекономичен извор на енергија користејќи ја сончевата енергија преку фотоволтаични ќелии за кои има проект со пресметка колку би се заштедувало на елекгрична енергија.

Внатрешните простории во судот на приземјето и првиот кат, каде што се судниците, се покриени со видео надзор. Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во голем дел е опремена со метални ормари, но истите не се доволни за целата архива на судот и е потребно доопремување. Во подрумските простории кога има врнежи постојано се појавува вода и влага.

Заради подобрување на просторните услови, изработен е конкретен проект за реновирање на судската зграда во кој се пресметани висината на средствата потребни за реализација на оваа реконструкција, која се состои од замена на постоечките дрвени прозорци со пвц прозорци, реновирање на фасадата на зградата со изведба на енергетска ефикасна фасада, како и замена на внатрешните врати во судската зграда.

**По однос на информатичката технологија,** во судот работата по судските предмети се одвива целосно во програмот АКМИС.

Во Одделението за сметководство се користи АБМС-системот, кој има постојани проблеми при користењето од страна на овластените службеници, поради што неопходно е подобрување на оваа програма како не би се соочувале со проблеми во работењето.

За тонско снимање на рочиштата се користи СРС ФЕМИДА системот, односно софтверот за водење на тонски записи на рочиштата. Потребно е да се најде начин да се одржува овој систем, бидејќи истиот во овој суд е инсталиран само во една судница и веќе застарува опремата. Потребно е да се инсталира уште еден систем за тонско снимање во друга судница со цел да се исполни законската обврска за тонско снимање на рочиштата.

Судот има потреба од обнова на информатичката технологија, бидејќи целата опрема е веќе постара од 5 години, во салите за тонско снимање и судење потребно е да се обноват УПС системите за непрекинато напојување со електрична енергија и потребна е набавка на 1 Сеф (метален шкаф) за чување на цедиња од тонските записи на судските рочишта, бидејќи судот има обврска да ги чува 5 години.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кратово во текот на 2021 година не го решил приливот на предметите во Граѓанскиот оддел бидејќи во Граѓанскиот оддел нерешени предмети на почетокот на годината имало 130, а останале нерешени предмети на крајот на годината 160. Од друга страна пак, судот го решил приливот во Кривичниот оддел бидејќи во Кривичниот оддел нерешени предмети на почетокот на годината имало 112, а останале нерешени предмети на крајот на годината 70.

Имајќи предвид дека во текот на 2021 година, Основниот суд Кратово на почетокот на годината имал нерешени вкупно 242 предмети, а на крајот на годината од вкупниот број предмети во работа нерешени останале 231 предмети, произлегува дека Основниот суд Кратово го совладал приливот на предметите, поради што може да се констатира дека е **ажурен суд.**

По однос на квалитетот на решени предмети на ниво на суд, се забележува зголемување на квалитетот на потврдени и намален број на укинати предмети, но се забележува извесно опаѓање на квалитетот со благо зголемување на процентот на преиначени предмети од претходната извештајна 2020 година, од каде произлегува дека судот во наредната година треба да вложи напори да се подобри квалитетот на одлуките.

По однос на човечките ресурси, како највисок приоритет се јавува потреба за вработување на 4 нови вработувања во судската служба.

Заради подобрување на просторните услови во судот се предлага реализација на изработениот Проект за реновирање на судската зграда, кој се состои од замена на постоечките дрвени прозорци со пвц прозорци, реновирање на фасадата на зградата со изведба на енергетска ефикасна фасада, како и замена на внатрешните врати во судската зграда. Исто така, потребно е и обезбедување на метален сеф за чување на СД од одржаните тонски рочишта.

## ***ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

На почетокот на извештајниот период за 2021 година, во Основниот суд Крива Паланка останале нерешени 1.044 предмети, новопримени се 5.807 предмет, 103 предмети се повторно во работа и 6 предмети се погрешно заведени или вкупно во работа биле 6.948 предмети, од кои се решени 5.923 предмети, а останале нерешени 1.031 предмет.

Основниот суд Крива Паланка во текот на 2021 година го совладал приливот на предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2021 година, бројот на новопримени предмети е 323.

Вкупниот број на предмети во работа во 2021 година е 323.

Вкупниот број на решени предмети во 2021 година е 323.

**Кривичен Оддел**

Од претходната 2020 година, во кривичниот оддел останале незавршени 92 предмети. Бројот на новопримени предмети во 2021 година е 4.347 предмети, 48 предмети се повторно во работа и 3 предмети се погрешно заведени. Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2021 година е 4.487 предмети. Вкупниот број на решени предмети во текот на 2021 година во кривичниот оддел е 4.318 предмети. Нерешени предмети до крајот на 2021 година, останале 169 предмети. Кривичниот оддел на Основниот суд Крива Паланка го совладал приливот на предмети.

**Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од обжалените и решени 1.327 предмети кои се вратени во текот на 2021 година, потврдени се 76 предмети или 5,72%, укинати се 19 предмети или 1,43% и преиначени се 18 предмети или 1,35%.

**Граѓански Оддел**

Од претходната 2020 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 952 предмети. Бројот на новопримени предмети во 2021 година е 1.137 предмети, 55 предмети се повторно во работа и 3 предмети се погрешно заведени. Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2021 година е 2.144 предмети. Вкупниот број на решени предмети во текот на 2021 година во граѓанскиот оддел е 1.282 предмети. Нерешени предмети до крајот на 2021 година останале 862 предмети. Граѓанскиот оддел на Основниот суд Крива Паланка

**Квалитетот на граѓанскиот оддел**

Од обжалените и решени 477 предмети кои се вратени во текот на 2021 година, потврдени се 213 предмети или 44,65%, укинати се 23 предмети или 4,82% и преиначени се 6 предмети или 1,25%.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на 2021 година, во Основниот суд Крива Паланка во работа имало 510 стари предмети, од кои: 497 се оставински предмети (нотари), 6 се вонпарнични предмети, 6 се парнични предмети, 10 предмети од КУИКП (извршување на казна) и 4 се прекршочни предмети.

**Кратки констатации за условите за работа**

Во Основниот суд Крива Паланка во 2021 година работеле вкупно 6 судии заедно со Претседателот на Судот (тројца судии на кривичен оддел и тројца судии на граѓански оддел). Во овој суд во 2021 година биле вработени 24 судски службеници. Состојбата со работните места во судските писарници и судската полиција е сериозно загрозена, бидејќи во писарниците се пополнети само работните места на самостојниот судски рефернт за прием и експедиција на судска пошта и на самостојниот судски референт – водител на кривичната (полнолетни) писарница, додека останатите писарници (парнична, вонпарнична и оставинска, прекршочна писсарница, писарница за извршување на прекршочните санкции итн) се без водители и воопшто без ниту еден вработен, со исклучок на прекршочната и писарницата за извршување на прекршочните санкции, на кои во две писарници работи само еден судски службеник-помлад судски референт, кој со оглед на обемот и сериозноста на работата, со големи напори ги извршува поставените работи и задачи.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Крива Паланка е **ажурен суд**, бидејќи го совладал приливот на предмети.

Предлог мерки:

Потребно е да се пополнат работни места за судски службеници во писарниците, бидејќи состојбата е загрижувачка во однос на недостиг на кадар, како и пополнување на работно место за судска полиција.

Во однос на просторните капацитети, да продолжи континуирано подобрување на истите, бидејќи се работи за стара зграда изградена пред 50 години.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Куманово 2021 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2020 година од 3.834 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 30.173 предмети, повторно во работа 358, погрешно заведени 9 предмети или во работа биле вкупно 34.356 предмети, од кои биле решени 30.775, а нерешени останале 3.581 предмет. Приливот е совладан, односно решени се вкупно

89,57% од вкупниот број на предмети во 2021 година. Споредбено со 2020 година, решени се 1,25% повеќе предмети во 2021 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2021 година ја започнала со остаток од претходната 2020 година со 1 предмет. Во тековната 2021 година примени се 4.169 предмети, вкупно предмети во работа биле 4.170 предмети од кои решени се 4.145, а нерешени останале 25 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 9.388, потврдени се 1.067 или 11,37%. Укинати се 269 или 2,87%, а преиначени 133 или 1,42%.

Споредбено со 2020 година кога се потврдени 12,73%, а во 2021 година се потврдени 11,37%, произлегува дека во извештајната 2021 година квалитетот на потврдени предмети на ниво на суд е намален за 1,36%.

Во 2020 година се укинати 3,31%, а во 2021 година се укинати 2,87%, при што произлегува дека во извештајната 2021 година се укинати 0,44% предмети помалку во однос на 2020 година, при што е намален процентот на укинати предмети на ниво на суд.

Во 2020 година преиначени се 1,86%, а во 2021 година 1,42%, при што произлегува дека во извештајната 2021 година квалитетот на ниво на суд на преиначени предмети е намален за 0,44%, односно е намален процентот на преиначени предмети.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2021 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2020 година од 2.406 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 24.031 предмети, повторно во работа 163 предмети, погрешно заведени 8 предмети, односно вкупно во работа биле 26.592 предмети, од кои биле решени 24.649, а нерешени останале 1.943 предмети. Приливот е совладан.

Од вкупно решени 7.457 предмети, потврдени се 319 или 4,28%, укинати се 106 или 1,42%, а преиначени се 78 или 1,04%.

Споредбено со 2020 година кога во кривичен оддел биле потврдени 7,44%, сега во 2021 година се потврдени 4,28%, произлегува дека е намален за 3,16% потврдени предмети во однос на 2020 година.

Во 2020 година биле укинати 1,71%, а во 2021 година 1,42%, што значи дека е намален за 0,29% на укинати предмети.

Исто така, во 2020 година се преиначени 1,55% предмети, а во 2021 година се преиначени 1,04% од предметите, што значи дека има намалување за 0,51% на преиначени предмети.

**Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2021 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2020 година од 1.428 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 6.142 предмети, погрешно заведен 1 предмет, повторно во работа 195 предмети, односно вкупно во работа биле 7.764 предмети, од кои биле решени 6.126, а нерешени останале 1.638 предмети. Приливот е совладан.

Од вкупно решените 1.931 предмети, потврдени се 748 или 38,73%, укинати 163 или 8,44% и преиначени 55 или 2,84%.

Споредбено со 2020 година кога во граѓански оддел биле потврдени 21,81%, сега во 2021 година се потврдени 38,73%, произлегува дека има зголемување за 16,92% потврдени предмети во однос на 2020 година.

Во 2020 година биле укинати 6,04%, а во 2021 година 8,44%, што значи дека има зголемување за 2,4% на укинати предмети.

Исто така, во 2020 година преиначени се 2,4% предмети, а во 2021 година преиначени се 2,84% од предметите, што значи дека има зголемување за 0,44% на преиначени предмети.

**Состојба со стари предмети**

Судот во 2021 година вкупно во работа имал 853 стари нерешени предмети по сите основи, од кои 469 се пренесени од претходната година, решени се 478, а нерешени останале 375 предмети, од кои 155 предмети се оставински дадени кај Нотари-повереници на судот, заклучно со 31.12.2021 година.

Од наведените податоци, произлегува дека има намалување на бројот на стари нерешени предмети во однос на 2020 година од вкупно 94 предмети.

**Човечки ресурси**

Судот 2021 година ја започнал со 141 вработени, но на 31.12.2021 година судот имал вкупно 139 вработени од кои 22 се судии заено со претседателот на судот. Во 2021 во Основен суд Куманово од Основен кривичен суд Скопје времено е упатен еден судија. Во 2021 година на еден судија констатиран му е престанок на вршење на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Просторни капацитети**

Зградата во која работи Основниот суд Куманово е изградена пред повеќе од 50 години. Во што е можно пократок рок потребно е да се изврши набавка на современ противпожарен автоматизиран систем за серверска просторија; потребна е целосна реконструкција на електрична инсталација заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар и ненадејно исклучување, поради големиот број на потрошувачи на електрична енергија – компјутери, печатари, сервери, климатизери и слично. Потребна е целосна замена на локалната мрежа за поврзување на персонални компјутери во АКМИС системот. Неопходна е репарација на целиот систем за топловодно греење со адекватен капацитет и квалитет и замена на нафтата со природен гас. Исто така, потребна е реконструкција на зградата на приземје, а со тоа и на дел на останатите простории во судот, заради воспоставување на едношалтерски систем на приземјето и преселба на салите за судење од приземјето на горните катови. Да се изнајде начин Државно правобранителство на РСМ за Куманово да биде дислоцирано од просториите на судот и да се овозможи соодветна партиципација во трошоците за одржување на зградата, комуналните трошоци и греењето. Основното јавно обвинителство и Водостопанството се наоѓа на третиот кат во зградата и воопшто не учествува во овие трошоци, а Државното правобранителство учествува со минимални износи кои се несоодветни со просторот кој се користи и вработениот кадар. Да се обезбедат финансиски средства за поставување на нова енергетски ефикасна фасада на судската зграда; потребно е обезбедување средства за целосна реконструкција на настрешницата – тремот, кој го покрива влезот во судската зграда. Има потреба од обезбедување на средства за опрема за средување на судската архива и тоа архивски кутии и соодветни метални ормани. Да се обезбедат финансиски средства за спроведување јавна набавка за купување на нова телефонска централа, од причина што постоечката е повеќе од 20 години и е во целосен дефект и не функционира. Понатаму, потребен е дополнителен друг простор во кој ќе престојуваат приведени, притворени и лица спроведени од КПУ заради потреби на судењата. Постоечките простории се несоодветни и недоволни.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд во Куманово во текот на извештајната година од вкупно 34.356 предмети, од кои биле решени 30.775, а нерешени останале 3.584 предмети. Приливот е совладан, односно решени се вкупно 89,57% од вкупниот број на предмети во 2021 година.

Оттука, произлегува дека Основниот суд Куманово во тековната 2021 година бил **ажурен суд** и го совладал приливот.

Исто така, од погоре наведената анализа на квалитет на работење на ниво на суд, а посебно во кривичниот оддел е намален, а во граѓанскиот оддел од податоците, произлегува дека квалитетот на работење е зголемен на ниво на суд споредбено со 2020 година.

Предлог мерки:

Врз основа на изнесените податоци, произлегува дека за подобрување на состојбите во судот, потребни се зголемени напори за подобрување на квалитетот на работење на ниво на суд, а особено во кривичниот оддел, инвестирање во просторните капацитети на судската зграда, електричната инсталација, топловодното греење, противпожарниот систем, соодветно учество во подмирување на трошоци за одржување од страна на ОЈО и Државното правобранителство, опремата и редовно пополнување на систематизираните работни места.

## ***ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Неготино 2021 година ја започнал со остаток на нерешени предмети од претходната 2020 година од 1.223 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 6.049 предмети, предмети повторно во работа *42*, погрешно заведени 14 предмети или во работа биле вкупно 7.300 предмети, од кои биле решени 6.320, а нерешени останале 980 предмети. Приливот е совладан.

**СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2021 година ја започнала со остаток од претходната 2020 година од 5 предмети. Во тековната 2021 година примени се 1.067 предмети, погрешно заведени 4 предмети, па вкупно во работа биле 1.068 предмети, од кои решени се 1.061, а нерешени останале 7 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 238, потврдени се 174 или 73,1 %. Укинати се 37 или 2,32%, а преиначени 27 или 1,70%.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2021 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2020 година од 93 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 274 предмети, повторно во работа биле 10 предмети, погрешно заведени 0, па вкупно во работа биле 377 предмети, од кои биле решени 303, а нерешени останале 74 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени 377 предмети потврдени се 21 или 65,63 %, укинати се 6 или 18,75%, а преиначени се 5 или 15,63.

Извештајната 2021 година, судот ја започнал со 492 незавршени прекршочни предмети од претходната 2020 година. Во текот на годината примени се нови 982 предмети, повторно во работа биле 9 предмети, погрешно заведени 2 предмети, па вкупно во работа биле 1.481 предмет, од кои биле решени 909, а нерешени останале 572 предмети. Приливот не е совладан. Од вкупно решени 909 предмети потврдени се 68 или 70,83 %, укинати се 10 или 10,47%, а преиначени се 18 или 18,75 %.

Извештајната година судот ја започнал со остаток од 83 предмети за извршување кривични санкции незавршени од претходната 2020 година. Во текот на годината примени се нови 748 предмети и со 4 погрешно заведени предмети, вкупно во работа биле 827 предмети, од кои 765 биле решени, а нерешени останале 62 предмети. Приливот е совладан.

**Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2021 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2020 година од 117 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 300 предмети, повторно во работа биле 21 предмети, погрешно заведен 1, па вкупно во работа биле 437 предмети, од кои биле решени 335, а нерешени останале 102 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решените 335 предмети, потврдени се 84 или 77,06%, укинати се 21 или 19,27 % и преиначени се 42 или 3,67%.

**Состојба со стари предмети**

Судот во 2021 година ја започнал со 216 стари нерешени предмети, од кои судски предмети се 21, а 195 се стари оставински предмети. На крајот на годината останатите нерешени судски предмети 17, а оставински предмети кај Нотари 49.

**Човечки ресурси**

Судот во 2021 година имал вкупно 26 вработени, од кои 25 на неопределено време и 1 на определено време. Во судот постапуваат 5 судии, заедно со претседателот и еден времено упатен судија. Судот има потреба од пополнување на 1 испразнето судиско место и вработување на неопределено на судски соработници.

**Просторни капацитети**

Зградата во која работи Основниот суд Неготино е во сосема добра состојба и просторно целосно ги задоволува потребите на судот, а оваа година опремен е со нов мебел и поставен е ламинат, па останува оваа година да се реновираат тоалетите кои се стари и во лоша состојба.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Неготино во тековната 2021 година бил **ажурен** и го совладал приливот.

Предлог мерки

Од изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Неготино во тековната 2021 година, покажал добри квалитативни и квантитативни резултати.

## ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајниот период за 2021 година, судот вкупно во работа имал 3.870 предмети, која бројка ја сочинуваат 471 предмети пренесени како незавршени од претходната година и 3.399 новопримени предмети. Судот решил 3.207 предмети, а 663 предмети останале нерешени. Приливот на нови предмети во однос на претходната година, кога изнесувал 2.923 предмет е зголемен за 476 предмети и изнесува 3.399 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Приливот на нови предмети во извештајниот период изнесува 1.324 предмети, што претставува зголемување од 189 предмети во однос на минатата година. Во текот на извештајниот период, сите предмети од судска управа се завршени.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел**

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2021 година, постапувале пет кривични совети, од кои два совета решавале предмети од уписникот „КЖ" - второстепени кривични предмети и од уписникот „ПРКЖ"- второстепени прекршочни предмети додека еден кривичен совет за решавање на кривични предмети од уписникот „КЖМ", согласно Законот за

малолетничка правда и посебен совет кој постапувал исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“, како и кривиќен совет од петмина судии за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор.

Во текот на 2021 година во Кривичниот оддел постапувале 4 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Кривичниот оддел во извештајниот период вкупно во работа имал 1.512 предмети од кои 187 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.325 предмети се новопримени. Од вкупниот број предмети во работа судот решил 1.331 предмети, а останале нерешени се 181 предмети.

Во однос на претходната година кога судот во работа имал 1.281 предмет, во извештајниот период обемот на работа е зголемен за 231 предмет и изнесува 1.512 предмети, а тоа се должи на зголемениот прилив кој е за 112 предмети поголем во однос на претходната година, како и зголемениот остаток од минатата година за 119 предмети.

Бројот на решените предмети во Кривичниот оддел во извештајниот период е зголемен за 237 предмети во однос на претходната година кога изнесувал 1.094 предмети и изнесува 1.331 предмет. Додека бројот на нерешени предмети кои во 2020 година изнесувал 187 предмети, во овој извештаен период е намален за 6 предмети и изнесува 181 предмет.

Во текот на извештајниот период во Судот вкупно во работа по успиникот „КЖ“ имало 683 кривични предмети, што е зголемување од 181 предмет во однос на 2020 година. Од нив 153 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 530 се новопримени предмети, што е за 84 предмети повеќе од 2020 година. Вкупно се решени 505 предмети, што е за 156 предмети повеќе во однос на минатата година. На крајот од годината останале нерешени 178 предмети, односно за 25 предмети повеќе во 2020 година.

Во уписникот „КЖМ“ кривични предмети во постапка против малолетници, се бележи намалување од 4 предмети во однос на минатата година, односно биле примени 10 предмети. Заедно со 2-та предмета кои останале нерешени од минатата година, вкупно во работа биле 12 предмети. Од нив решени се 10 предмети и 2 предмети се пренесуваат како нерешени во наредната година.

Во уписникот „КСЖ“ кривичен совет вкупно во работа имало 198 предмети, што е зголемување од 49 предмети во однос на 2020 година. Од нив 11 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 187 се новопримени предмети, односно 43 предмети повеќе од 2020 година. Во текот на извештајниот период решени се сите 187 предмети.

Во уписникот „ПРКЖ“ прекршочни предмети заведени се 539 предмети, односно 30 предмети помалку од 2020 година. Имајќи ги предвид 20 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 559 предмети, од кои во текот на извештајниот период решени се 558, додека 1 предмет се пренесува како нерешен за следната година, што претставува намалување од 19 предмети во однос на минатата година.

Во уписникот „КР“ вкупно во работа имало 60 предмети, што претставува зголемување од 20 предмети во однос на минатата. Во текот на извештајниот период решени се сите 60 предмети.

Состојба во однос на времетраење од постапката е следна:
до 1 месец решени се 706 предмети или 53,04%
од 1 - 3 месеци решени се 272 предмети или 20,44%
од 3 – 6 месеци решени се 303 предмети или 22,76%
над 6 месеци решени се 50 предмети или 3,76%

**Граѓански оддел**

Во текот на извештајната 2021 година вкупно во работа имало 2.358 граѓански предмети од кои 284 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 2.074 предмети се новопримени, при што судот вкупно решил 1.876 предмети, а на крајот на годината нерешени останале 482 предмети кои се пренеле за наредната година.

Обемот на работа во извештајниот период е зголемен за 378 предмети и изнесува 2.358 предмети, што се должи на зголемениот прилив на нови предмети. Имено, во однос на минатата година кога биле примени 1.710 предмети во 2021 година се примени 2.074 предмети односно 364 предмети повеќе.

Во Граѓанскиот оддел, постапувале совети кои постапуваат по заведени предмети во уписник ГЖ, ТСЖ и РОЖ.

Состојба во однос на времетраење на постапката е следна: до 1 месец решени се 533 предмети или 28,41%, од 1-3 месеци решени се 693 предмети или 36,94%, од 3-6 месеци решени се 509 предмети или 27,13% и над 6 месеци решени се 141 предмети или 7,52%.

**Квалитет на работење на ниво на суд**

Според податоците од вратените предмети од Врховниот суд, судот го задржал високиот квалитет во работењето. Имено, вратени се вкупно 132 судски одлуки од кои потврдени се 96 одлуки или 2,99% од вкупно решените предмети, преиначени се 8 одлуки или 0,25% од вкупно решените предмети и укинати се 28 одлуки или 0,87% од вкупно решените предмети.

**Состојба на стари предмети**

Како стари предмети во овој извештаен период, вкупно во работа имало 187 предмети, од кои 12 предмети биле пренесени како стари нерешени од претходната година и 175 предмети биле новопримени, односно им поминал периодот од 6 месеци од денот на приемот на предметот во Судот. Од нив биле решени вкупно 166 предмети, а на крајот од годината останале 21 нерешен стар предмет кои се пренесуваат за наредната година.

**Човечки ресурси**

Согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ бр.07-1103/1 од 04.06.2012 година, судиската функција во судот било утврдено да ја вршат 16 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, но во текот на извештајната година, судот функционирал во нецелосен состав на судии, со што судиската функција ја извршиле 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, предвидени се вкупно 110 работни места за судски службеници и 10 извршители вработени по ЗРО, како и 8 судски полицајци, односно предвидено е 128 извршители.

До крајот на извештајната година, работните задачи ги извршувале 32 судски службеници, 2 хигиеничари, 1 возач и 1 припадник на судска полиција, додека неисполнетите работни места според Систематизацијата изнесува 91 извршител.

Со оглед на тоа еден судски службеник е во мирување поради стручно усовршување до 11.02.2022 година, а во 2021 година три работни места се испразнети.

Апелациониот суд Гостивар за да постигне максимална ефиканост во работењето во сите оддели и области, односно квалитетно и стручно да ги извршува сите работни задачи и цели во рамките на своите надлежности, потребни се нови вработувања на стручен кадар, како и на административно-технички персонал и на припадници на судска полиција.

**Просторни капацитети**

Судот работи во услови и просторни капацитети кои ги задоволуваат потребите, ако се има во вид бројот на вработени и потребите за вработувања.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Заклучните согледувања за извештајната 2021 година и предлог мерките кои судот ги презел во извештајниот период, дале резултат но објективно судот се соочувал со проблеми од аспект на бројот на носители на судиската функција, бидејки работел со помал број судии од тие кои се систематизирани.

Во извештајниот период, судот имал потешкотии и во работењето, врзано за непотполнетоста на потребниот број на извршители во судската служба, па за да постигне максимална ефикасност во работењето во сите оддели и области, односно квалитетно и стручно да ги извршува своите работни задачи и цели во рамките на своите надлежности, потребни се нови вработувања на стручен кадар како и на административно-техничкиот персонал и на припадници на судската полиција.

Воедно, потребно е во континуитет да се продолжат активностите за постојано надградување и усовршување на информатичната технологија, да се изврши замена за дотраената опема и адекватна обука за користење.

Стручнните судски службеници во текот на извештајната година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, во врска со изработка на судските одлуки и друго.

Податоците за бројот на решени предмети во извештајниот период, зборуваат дека судот не го совладал приливот на предмети, но со оглед на фактот дека во последната година е зголемен бројот на новопримени предмети, во судот е потребно да се оптимализира бројот на судии со предметната работа.

Со оглед дека судот во извештајната година не го совладал приливот на новопримени предмети и на крајот на годината има 663 нерешени предмети, произлегува дека е **неажурен суд** за извештајниот период.

По однос на квалитетот во работа, искажаните податоци задоволуваат по сите основи, но покажуваат и тоа дека квалитетот на работењето мора да биде постојано опсервиран и навремено да се превземаат мерки за подобрување.

Особено, квалитетот преставува императив во работата, ако се имаат во вид резултатите и податоците од работењето на Основните судови од Апелационото подрачје. Така, судот ќе мора во континуитет да ја следи состојбата, да укажува и да им помага на пониските судови во делот на судската пракса и да врши уедначување примена на законите.

## ***ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година на ниво на суд во работа биле вкупно 37242 предмети, од кои решени се 29766 предмети, додека 7476 се водат како нерешени.

**СУДСКА УПРАВА,** вкупно во работа 861 предмети, решени 854 предмети, 7 предмети се водат како нерешени.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 15713 предмети од кои решени се 13250, нерешени 2463.

**Квалитет во работата -** Решени 1828, од кои: 286 односно 15.65% се потврдени,119 односно 6,51 % укинати и 25 односно 1,37% преиначени.

**Кривичен оддел (област)**

Во работа биле вкупно 21529 предмети, 16516 предмети се решени, 5013 не се решени.

**Квалитет во работата -** Решени 6490, од кои: 223 односно 3,44 % потврдени, 78 односно 1.20 % укинати и 66 односно 1,02 % преиначени.

**Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решение предмети 8318 од кои: потврдени 509 односно 6,12 %, укинати 197 односно 2,37%, преиначени 91 односно 1.09%.

**Состојба со стари предмети**

Вкупно во работа 2574 стари нерешени предмети, од кои 1049 се решени, останувaат нерешени 1518.

**Човечки ресурси**

Во 2021 година судот имал 19 судии, 68 вработени во судската служба, 6 вработени согласно ЗРО и 5 судски полицајци.

За оптимално постапување од страна на судската служба во Основен суд Гостивар во текот на 2020 година, требало да се реализират повеке вработувања, од испразнетите работни места.

**Просторни капацитети**

Се укажува на несоодветни просторни услови. Дотраеност на Информатичката технологија односно комјутери, печатачи и скенери. Потребно е зголемување на безбедноста во судот, осовременување на видеонадзорот и опремување на три судници со тонско снимање.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Гостивар не го совладал приливот и се смета за **неажурен суд.**

Предлог мерки

Да се преземат мерки за пополнување на потребните работни места.

Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот.

Да се преземат мерки/план за да се совлада приливот.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД ДЕБАР</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година на ниво на суд во работа биле вкупно 11.546 предмети, од кои решени се 11.054 предмети, додека 492 се водат како остаток на предмети, а 336 предмети останале нерешени од претходната година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работа имало 354 предмети од кои решени се 352 предмети, а 1 предмет останал нерешен.

**Квалитет во работа на ниво на суд**

Решени предмети 1.588 од кои: 52 предмети, односно 3.27% потврдени, 15 предмети, односно 0.94% укинати и 4 односно 0.25% преиначени.

**Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 6.602 предмети од кои 6.145 се решени, 457 предмети се нерешени.

**Квалитет на предмети**

Решени предмети 13 од кои: 25 предмети, односно 11.73% потврдени, 8 односно 3.75% укинати и 2 предмети односно 0.93 % преиначени.

**Кривичен оддел**

Во работа биле вкупно 4.591 предмети, од кои 4.557 се решени, 34 предмети не се решени.

**Квалитет на предмети**

Решени предмети 1.375 од кои: 17 предмети односно 1.23 % потврдени, 7 предмети, односно 5.09% укинати и 4 предмети, односно 0.29 % преиначени.

**Човечки ресурси**

Во извештајниот период судската функција ја извршувале претседателот на судот и тројца судии, но од 01.03.2021 година, бидејќи претседателот на судот е именуван за заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители, судиското место е ставено во мирување. Според одлука на Судски совет предвидени се 5 судии заедно со претседателот на судот, додека според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места се систематизирани 18 работни места, за кои се предвидени 52 извршители.

Во 2021 година со договор за дело заклучно со 31.12.2021 година ангажирани се 2 извршители. Потребно е во 2022 година пополнување на 3 упразнети места на неопределено време.

**Просторни капацитети**

Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија е на задоволнително ниво.

Формирана е канцеларија за односи со јавноста, која секојдневно остварува контакти со граѓани и странки во поглед на добивање на информации од работењето на судот, но во извештајот не е наведено дали е определено лице задолжено за односи со јавноста.

Опременоста на судот не е на задоволително ниво, има потреба од реновирање на кровот на стариот дел од судската зграда, бидејќи при врнежи кровот протекува, има потреба да се изгради лифт, за да лицата со посебни потреби имаат пристап до судниците на втори кат и да се изгради тоалет кој би го користиле лицата со посебни потреби.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Дебар во во тековната 2021 година бил **неажурен,** бидејки не успеал да го совлада приливот на предмети. Во почетокот на 2021 година, останале нерешени 336 предмет, а вкупно во работа биле 11.546 предмети,од кои решени се 11.054 предмети, додека 492 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Дебар во тековната 2021 година, бил неажурен бидејки неуспеал да го совлада приливот за 156 предмети.

Предлог мерки

Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места.

Да се согледа можноста за техничко доопремување, односно реновирање на судот,

Да се потруди да го совлада приливот на предмети кај сите видови предмети и да го подобри квалитетот на решавањето на предметите.

## ***ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Кичево, од претходната година останале нерешени вкупно 1.669 предмет, новопримени се 7.793 предмети, 293 предмети се повторно заведени, 4 предмети погрешно заведени, односно вкупно во работа биле 9.751 предмети, кои се опфатени со ориентационата норма.

Во текот на извештајната година судот решил 7.677 предмети, а 2.074 предмети останале нерешени на крајот на извештајната година.

Од изнесеното произлегува дека Основниот суд Кичево не го совладал приливот на нови предмети во извештајната година и за 405 предмети го зголемил заостатокот на нерешени предмети.

Во годишниот извештај на Основниот суд Кичево, наведени се во обем на работа предметите кои се и кои не се опфатени со ориентациона норма, па е констатирано дека од претходната година судот имал во работа 2051 предмет, новопримени предмети 18.208, 293 се повторно заведени, 4 предмети погрешно заведени или вкупно 20.548 предмети, од кои решени се 18.035 предмети, а останале нерешени 2513 предмети, со што го зголемил заостатокот на предмети за 462 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на извештајната судот немал заостанати предмети од судска управа, во текот на извештајната година примени се 1003 предмети, од кои решени се 1002 предмети, а еден предмет останал нерешен.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

На почетокот на извештајната година, **кривичниот оддел** во работа имал 478 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на извештајната година примени се 6.160 нови предмети, 66 предмети се повторно заведени, а 1 предмет бил погрешно заведен.

Кривичниот оддел во текот на извештајната година во работа имал 6.703 кривични предмети, а решени се 5949 предмети, што значи дека одделот **не го совладал приливот**, а останале нерешени 754 предмети.

По однос на квалитетот во работата на кривичниот оддел, податоците покажуваат дека во текот на извештајната година од вкупно решените 3.169 предмети по кои може да се изјави редовен правен лек, потврдени се 132 одлуки или 4,16%, укинати се 24 одлуки или 0,75% и преиначени се 23 одлуки или 0,72%.

На почетокот на извештајната година, **граѓанскиот оддел** во работа имал 1.191 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на извештајната година примени се 1.633 нови предмети, 227 предмети се повторно заведени, а 3 предмети погрешно заведени, така што вкупно во работа биле 3.048 граѓански предмети.

Судиите од граѓанскиот оддел во текот на извештајната година решиле вкупно 1.728 предмети, а како нерешени останати се 1.320 предмети.

Од изнесеното произлегува дека граѓанскиот оддел **го совладал приливот** на нови предмети во извештајната година.

По однос на квалитетот во работата на граѓанскиот оддел, податоците покажуваат дека во текот на извештајната година од вкупно решените 1.728 предмети, потврдени се 212 одлуки или 12,26%, укинати се 115 одлуки или 6,65 % и преиначени се 5 одлуки или 0,28%.

**Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Кичево на крајот на извештајната година, останале нерешени 261 предмет, од кои: 23 имотни предмети, 54 предмети од мала вредност, 7 вонпарнични, 6 физичка делба, 2 КУИКП, 63 работни спорови, 17 од облигациони односи и 89 оставини, што укажува дека има зголемување на бројот на нерешени стари предмети.

**Човечки ресурси**

По однос на човечките ресурси, во текот на извештајната година работеле 7 судии и 49 лица административен персонал.

Од осумте судии 1 судија користел боледување цела година, така што судот работел со 7 судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во текот на извештајната година нема реализирани вработувања, а упразнети се 8 работни места на судски службеници по разни основи, поради што и понатаму има недостаток од судски административен персонал и поголем дел од предвидените работни места не се пополнети, а посебно судски администратор.

**Просторни капацитети**

По однос на просторните услови за работа на овој суд, се укажува на потреба од воведување шалтерски систем, кое барање било доставувано до Судскиот буџетски совет од пред неколку години, но до сега не биле одобрени средства, а има потреба и од менување на канцелариските мебел во сите простории, бидејќи постоечкиот е застарен и оштетен.

Пет простории од судската зграда користат од Основното јавно обвинителство Кичево и Државното правобранителство Кичево, па доколку се најде решение за ослободување на овие простории состојбата значително би се подобрила.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кичево во извештајната година не го совладал годишниот прилив на предмети на ниво на суд ако се има предвид дека примени се вкупно 7.793 предмети кои се опфатени со ориентациона норма, а решени се вкупно 7.677 предмети и е зголемен заостатокот на нерешени предмети за 405 предмети, така што се смета за **неажурен суд** за извештајната 2021 година.

Во текот на извештајната година во Основниот суд Кичево зголемен е бројот на нерешени стари предмети во однос на предходната година.

Основниот суд во Кичево, со Законот за изменување и дополнување на законот за судовите (Службен весник на РСМ број 96/2019) станува суд со проширена надлежност кој надлежноста од ставовите 1 и 2 на член 31 од Законот за судовите, ја врши и за подрачјето на Основниот суд Дебар, така што поаѓајќи од вкупниот број на предмети и постоечкиот број на судии, ќе биде потребно Судскиот совет да ја испита можноста од зголемување на бројот на судии како судот би можел да постигне да биде ажурен со оглед дека овој суд и во предходниот извештаен период не беше во состојба да го совлада приливот на нови предмети.

Исто така, потребно е во текот на наредниот период да се пополнат работните места согласно систематизацијата, особено стручните работни места: советник, виш соработник, стручен соработник, да се реши просторниот проблем на судот, а и самите судии да вложат напори да го подобрат квалитетот на решавање на предметите и зголемат ажурноста на судот како и да дадат приоритет на решавањето на старите предмети.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 2.881 предмети, а примил нови 56.536 предмети. Повторно во работа се земени 318 предмети, а погрешно се заведени 5 предмети. Оттука, во работа биле вкупно 59.730 предмети, од кои решени се 57.349 предмети, а нерешени останале 2.381 предмет. Приливот на предмети од тековното година е совладан. Заостатокот е намален за 500 предмети, или за 17,35% во однос на заостатокот од 2020 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2.737 предмети, решени се 2.736 предмети, а постапката е незавршена по 1 предмет.

Судската управа е раководена од Претседател на судот м-р Хасани Асани.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.345 предмети. Примени со нови 30.348 предмети, 158 предмети се земени повторно во работа, а 2 предмети биле погрешно заведени. Вкупно во работа имало 31.849 предмети, од кои решени се 30.881 предмети, додека нерешени останале 968 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 377 предмети или за 28,03%.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од обжалените 451 предмети, 285 предмети или 63,19% се потврдени, 92 предмети или 20,40% се укинати и 74 предмети или 16,41% се преиначени. Процентите се добиени во соодност со бројот на обжалените 451 предмет.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.453 предмети. Примени се нови 23.532 предмети и со 159 предмети земени повторно во работа вкупно во работа имало 25.144 предмети. Решени се 23.732 предмет, додека нерешени останале 1.412 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 41 предмет или за 2,82%.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од обжалените 429 предмети, 277 предмети или 64,57% се потврдени, 103 предмети или 24,01%, се укинати и 49 предмети или 11,42% се преиначени.

**Состојба со стари предмети**

Основниот суд Тетово во 2021 година имал вкупно во работа 412 стари предмет. На крајот на 2021 година останале 194 стари предмети, што значи дека бројката е намалена за 218 предмети.

**Човечки ресурси**

Поголем број од работните места предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Тетово не се пополнети. Со оглед да Судот имал неопходна потреба наизвршители за неколку работни места биле одобрени средства за времено ангажирање на 11 помлади судски референти и 3 хигиеничари. Дел од работните места се пополнети со вработување на неопределено време преку преземање на службеници.

Воедно на 2 лица им престанал работниот однос, а потенцирана е потребата од вработување на уште извршител во судската полиција.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Тетово не располага со сопствен буџет за инвестиционото одржување на судската зграда, кое нешто спаѓа во надлежност на Министерството за правда.

Овој суд се се соочува со проблеми околу греењето (поради дотраеност на севкупната инсталација), како и одржувањето на подрумските простории кои не се реновирани.

Судската зграда на Основниот суд Тетово ја користат и Основното јавно обвинителство Тетово, Државното правобранителство Тетово, како Службата за пробација, па според ова како што напоменува и Претседателот на судот, неопходно е да биде изграден уште еден кат за што веќе е изготвен идеен проект, но се потребно финансиски средства за реализација. Изготвено е и идејно решение за изградба на лифт во судската зграда за чија изведба е, исто така, потребно да се обезбедат средства од судскиот буџет.

На влезот на судската зграда е поставен метал детектор и рентген дектор, кој во моментот е надвор од функција. Поставени се камери за видео надзор, а ПП апаратите редовно се сервисираат.

Предметите во Судот се чуваат во посебни шкафови (метални и дрвени) кои се со брави или пак со катенци, со што е овозможено безбедно чување на предметите.

Во Основниот суд Тетово во текот на 2021 година се реализирани 10 постапки за јавна набавка.

Набавени се метални сталажи за потребите на судската архива, заменети се внатрешните врати и извршено е молерисување на внатрешните ѕидови.

По однос на информатичката опрема активни се 120 работни единици - персонални компјутери кои се мрежно поврзани и имаат пристап до соодветните програмски апликации. Потребна е целосна замена на Cat 6 мрежата бидејќи истата не кореспондира со апликациите и компјутерската опрема што се користи. Воедно, значителен дел од информатичката опрема е стара и амортизирана, а предлог на ИКТ одделението е да се изврши замена на локални печатачи со мрежни.

Четири од вкупно осум судници располагаат со опрема за тонско снимање, истите се функционални и во нив се врши аудио снимање.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Тетово е **ажурен суд,** бидејќи го совладал приливот на нови предмети и успеал да го намали заостатокот на нерешени предмети на крајот на годината.

Квалитетот во работата се огледува и високиот процент на потврдени одлуки од страна на второстепениот суд.

Потребно е да се обезбедат соодветни просторни услови за работење.

Во наредниот периодот треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот, да се подобри кадровската екипираност и континуирано усовршување на вработените.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година во Апелациониот суд Битола од предвидените 25 судиски места заедно со Претседателот на судот, постапувале 18 судии, а на 1 судија и понатаму му мирува местото, бидејќи е избран за член на Судски совет на РСМ, а во месец март 2021 година еден судија заминал во пензија.

Во Апелациониот суд Битола од 2020 година останале нерешени 540 предмети. Во текот на 2021 година по сите видови биле примени 4703 предмети, (7 погрешно заведен) и 27 повторно во работа или вкупно во работа биле 5263 предмети, од кои се решени 4566 предмети, а останале нерешени 697 предмети.

**Квалитет на ниво на суд**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховен суд на РСМ во текот на 2021 година потврдени се вкупно 112 предмети или 2,47%, укинати се 32 предмети или 0,70%, преиначени се 18 предмети или 0,39 %.

**Квалитет на ниво на оддели**

**Граѓански оддел**

Од 2020 година останале нерешени 456 предмети. Во текот на 2021 година биле примени 3217 предмети (6 погрешно заведен) и 18 предмети повторно во работа, или вкупно во работа биле 3685 предмети, од кои решени се 3127 предмети, а останале нерешени 558 предмети.

**Квалитет во граѓански оддел**

Според податоците за вратени предмети од Врховниот суд на РСМ потврдени се вкупно 91 предмети или 2,93%, укинати се 27 предмети или 0,87% ,а преиначени се 18 предмети или 0,58%.

**Кривичен оддел**

Од 2020 година останале нерешени 84 предмети. Во текот на 2021 година биле примени нови 1486 предмети, 1 погрешно заведен и 9 повторно во работа или вкупно во работа биле 1578 предмети, од кои се решени 1439 предмет, а останале нерешени 139 предмети.

**Квалитет во кривичен оддел**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховниот суд на РСМ во текот на 2021 година потврдени се 21 предмети или 1,47%, укинати се 5 предмети или 0,35%, а преиначени нема.

**Состојба со стари предмети**

Во 2021 година на крајот од годината останале 13 стари предмети од кои 7 се кривични, а 6 се граѓански предмети.

**Човечки ресурси**

На крајот од 2021 година во судот биле вработени вкупно 63 лица, заедно со судии, судски службеници, судска полиција и помошно-технички персонал.

**Просторни капацитети**

Сеуште стои потребата од реновирање на судските канцеларии, набавка на инвентар, санирање на санитарните чворови.

Изминатата 2021 година Основното јавно обвинителство се иселило од зградата на судот, но во зградата сеуште е сместено Вишото јавно обвинителство.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во Апелациониот суд Битола во 2021 година :

Вкупно во работа биле 5263 предмети опфатени со ориентационата норма и 1175 предмети од судската управа.

Решени се 4566 предмети опфатени со ориентационата норма и 1171 предмети од судската управа .

Во 2021 година не е совладан приливот за 137 предмет.

Во 2021 година на крајот од годината останале 13 стари предмети.

Апелациониот суд Битола не успеал да го совлада приливот на предмети при што истиот се смета за **неажурен суд.**

Предлог мерки:

Во 2022 година да се пополнат сите испразнети места од стручниот кадар и административно-техничкиот персонал согласно систематизацијата.

Дополнување со компјутерска опрема,набавка на инвентар и обезбедување средства за реализирање на планираните јавни набавки.

Интензивирање на соработката со Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и следење и остварување на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2022 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД БИТОЛА</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Битола 2021 година ја започнал со остаток од незавршени предмети од претходната 2020 година од 3.702 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 27.542 предмети, погрешно заведени 9 предмети, предмети повторно во работа 305 или во работа биле вкупно 31.235 предмети, од кои биле решени 26.624, а нерешени останале 4.611 предмети. Приливот не е совладан.

**СУДСКА УПРАВА**

Судската управа 2021 година ја започнала со остаток од претходната 2020 година од 21 предмет. Во тековната 2021 година примени се 1.673 предмети, погрешно заведени 0, па вкупно во работа биле 1.694 предмети, од кои решени се 1.679, а нерешени останале 15 предмети. Приливот е совладан.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети 26.624 потврдени се 895 или 3,36 %, укинати се 199 или 0,45 %, а преиначени 115 или 0,43 %.

**Работа по оддели и квалитетот во работата**

**Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2021 година ја започнал со остаток од незавршени предмети од претходната 2020 година од 1.449 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 18.401 предмети, погрешно заведен 1 предмет, 106 предмети повторно во работа, па вкупно во работа биле 19.955 предмети, од кои биле решени 17.677, а нерешени останале 2278 предмети. Приливот не е совладан. Од вкупно решените 17.677 предмети, потврдени се 205 или 1,16%, укинати 80 или 0,45% и преиначени 50 или 0,28 %.

**Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2021 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2020 година од 2.232 предмети. Во тековната 2021 година примени се нови 7.163 предмети, погрешно се заведени 8, предмети повторно во работа 199, па вкупно во работа биле 9.586 предмети, од кои биле решени 7.268, а нерешени останале 2.318 предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени 7.268 предмети, потврдени се 690 или 9,49 %, укинати се 119 или 1,64% и преиначени 65 или 0,89%.

**Состојба со стари предмети**

Судот 2021 година ја започнал со 104 стари нерешени предмети и 71 оставински предмети кај нотари, а на крајот на 2021 бројот на нерешените стари предмети се зголемил и сега има 118, а на оставинските кај нотари се намалил.

**Човечки ресурси**

Во текот на 2021 година, судот работел со 75 извршители вработени на неопределено од кои 1 судски администратор, 1 раководител на одделението за информатика, 1 советник информатичар, стручен кадар 9, 3 самостојни референти, 12 виши референти, 20 судски референти, 18 помлади референти, 1 книговодител, 1 возач 1 архивар, 1 возач, 6 полицајци, 1 хаусмајстор, 1 телефонист, 1 хигиеничар и уште 23 лица вработени на определено од различен кадар, што делумно одговара на обемот на работа на судот. Судот има назначено лице за односи со јавност.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Битола е добро просторно опремен, со доволен број канцеларии, судници и писарници, а располага и со информатичка технологија на завидно ниво, со нови 60 компјутери, печатари и скенери.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Битола во тековната 2021 година се смета за **неажурен суд,** бидејќи не го совладал приливот.

Предлог мерки

Во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на побрзото решавање на старите предмети, како и совладување на приливот на нови предмети.

## ***ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајниот период за 2021 година, во судот останале незавршени 241 предмет, а вкупниот број на новопримени предмети изнесува 2.074, 13 предмети повторно биле во работа, така да вкупниот број на предмети во работа во извештајната година изнесува 2.328 предмети. Од овој број решени биле 2.008 предмети, а како нерешени останале 320 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во Основен суд во Крушево како предмети кои што се третираат од областа на судската управа се повеќе видови на предмети заведени во уписник и тоа: под СУ-СУ-07, СУ-ДОВ, СУ-СТРДОВ, СУ-ИЗЗ, УПП и СПИ.

Во судската управа од претходната година останеле 7 предмети нерешени, а новопримени биле 436 предмети или вкупно во работа биле 442 предмети, од кои 435 предмети биле решени, а 7 предмети останале незавршени.

**Работа по оддели и квалитетот во работата**

**Кривичен оддел:**

Во Кривичниот оддел на Основниот суд Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 113 предмети, а новопримени биле 894 предмети, а 8 предмети се повторно во работа или вкупно во работа биле 1.015 предмети, од кои 911 предмети биле решени, а 104 предмети останале незавршени.

Од вкупен број на 337 решени-обжалени предмети 7 предмети се потврдени што изнесува 2.08%, 8 предмети се укинати што изнесува 2,37%, 6 предмети се преиначени што изнесува 1,78%, 0 предмети е делумно укинат што изнесува 0% и отфрлени 2 предмети, што изнесува 0,59%.

**Граѓански оддел**

Во Граѓанскиот Оддел на Основниот суд Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 122 предмети, а новопримени биле 735 предмети, 5 предмети се повторно во работа или вкупно во работа биле 862 предмети од кои 654 предмети биле решени, а 208 предмети останале незавршени.

Од вкупен број на 155 решени и обжалени предмети, 3 предмети се потврдени што изнесува 1,94%, 0 предмет е укинат што изнесува 0%, нема преиначени предмети, нема делумно укинат и нема отфрлени предмети.

**Квалитет на предметите на ниво на суд**

Квалитетот на предметите на ниво на суд според Годишниот извештај за работа на Основниот суд Крушево изнесува и тоа: од вкупниот број на 492 решени и обжалени предмети, 10 предмети се потврдени што изнесува 2,03%, 8 предмети се укинати што изнесува 1,63%, 6 предмети се преиначени што изнесува 1,22%, нема делумно укинати и 2 предмети се отфрлени.

**Состојба со стари предмети**

На крајот на тековната 2021 година во Основниот суд во Крушево евидентирани се 30 стари предмети и тоа 26 Оставини од нотар, 1 предмет за кривично-полнолетни и 3 прекршочни предмети.

**Човечки ресурси**

Основниот суд во Крушево својата функција во 2021 година ја извршувал со 16 вработени, од кои 2 (двајца) судии, тука сметајќи го и Претседателот на судот, еден делегиран судија и 14 вработени како технички персонал.

Согласно Систематизацијата на Основен суд Крушево предвидени се 26 работни места без судиите.

Во текот на извештајниот период и во периодот од претходните години, поради редовно пензионирање и други случаеви непополнети останале 10 работни места.

Со оглед на обемот на работата приоритетно е пополнување на приоритетните 3 работни места на судски службеници.

**Просторни капацитети**

Просторните услови во Основниот суд Крушево се на задоволително ниво. Сите вработени имаат соодветна канцеларија приспособена за својата работа. Канцелариите и една судница се опремени со потребните технички помагала (компјутери и печатари) кои се потребни за непречено извршување на работните задачи. Зградата на Основен суд Крушево е обезбедена со тројца судски полицајци кои работат во две смени. Поради непотполнето едно работно место – судски полицаец, во трета смена судот е обезбеден од редовната полиција. Дел од информатичката опрема која е застарена е заменета со нова, односно со нови компјутери. Моментално во Основен суд Крушево активно во работа се 15 компјутери-работни станици, една серверска конзола на која се инсталирани четири виртуелни машини, 2 скенери и 13 локални ласерски печатари. Во тековната 2020 година поставена е опрема за Видео надзор. Во 2018 и 2019 година дел од работните станици кои биле застарени односно во функција од 2003 година, заменети се со нови компјутери. Судот располага и со еден видео дисплеј на кој се објавуваат насрочените предмети и други информации од јавен карактер. Од страна на програмските апликации, во судот секојдневно се користат следните:АКМИС програмата за комплетна евиденција и движење на судски предмети, која во одредени периоди се надградува со нови верзии од страна на фирмата ЕДУСОФТ, АМБС програма за книговодствено, материјално и магацинско работење која се користи во целост и ФЕМИДА програмата за тонско снимање на граѓанските рочишта која комплетно е во функција и се користи од месец мај 2013 година. Модулот за скенирање и формирање на електеронско досие на предметите се користи во целост. Во тек на работата се јавуваат вообичаени проблеми кои според судот засега навремено се корегираат и надминуваат.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во смисла на погоре изложеното, може да се констатира дека Основниот суд во Крушево не успеал да го совлада приливот на новопримени предмети во тековната 2021 година, бидејќи останале нерешени 320 предмети, имајќи го притоа во предвид фактот што во наведената година новопримени предмети се 2.087, а од претходната година како нерешени предмети останале 241, односно од вкупниот број на новопримени и предмети од претходната година, како и предмети повторно во работа што изнесува вкупно предмети во работа 2.087, решени се 2.008 предмети, а останале нерешени 320 предмети. По однос на ажурноста на судот сметам дека Основниот суд Крушево во извештајната година е **неажурен суд**.

Со пополнувањето на слободните работни места предвидени со Актот за систематизација на Основен суд Крушево и со надминување на вообичаените проблеми кои што се јавуваат по однос на информатичката технологија и човечките ресурси, ќе може Основниот суд во Крушево во иднина да биде поефикасен, поквалитетен и да нема нерешени предмети почитувајќи го притоа начелото на владеење на правото.

## ***ОСНОВЕН СУД ОХРИД***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајната 2021 година Основниот суд Охрид имал вкупно во работа 20.600 предмети, од кои 4.076 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, 16.534 новопримени предмети и 10 предмети погрешно заведени.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 16.225 предмети, а останале 4.375 нерешени предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Нерешени предмети од претходната година се 15 предмети. Вкупниот број на новопримени предмети е 691. Вкупниот број на предмети во работа е 706. Вкупниот број на решени предмети е 687. Нерешени на крајот останале 19 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Во текот на 2021 година, во судот биле решени 7.030 предмети за кои е дозволен правен лек.

Обжалени се 1.357/1.240 предмети, од кои предмети 836 потврдени, односно 67,4%, 225 предмети, односно 18,1% се укинати, 117 предмети, односно 9,4% се преиначени, 42 предмети, односно 3,4% се делумно укинати, а 15 предмети, односно 1,2% се отфрлени и 1 предмет, односно 0,1 % друго.

**Предметно работење на ниво на оддел**

**Кривичен оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 1.502 предмети. Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2021 година е 10.873 предмети, вкупниот број на погрешно заведени предмети е 5. Вкупниот број на предмети во работа во 2021 година е 12.370 предмети. Вкупниот број на решени предмети е 10.868. Нерешени на крајот од 2021 година останале 1.502 предмети.

**Граѓански оддел**

Нерешени предмети од претходната година се 2.559 предмети. Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2021 година е 4.970, вкупниот број на погрешно заведени предмети е 5. Вкупниот број на предмети во работа во 2021 година е 7.524. Вкупниот број на решени предмети е 4.670. Нерешени на крајот на 2021 останале 2.854 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на оддел**

**Кривичен оддел**

Во текот на 2021 година, во одделот биле решени 3.495 предмети за кои е дозволен правен лек.

Обжалени се 463/407 предмети, од кои 259 предмети, односно 63,6% се потврдени, 90 предмети, односно 22,1% се укинати, 41 предмети, односно 10,1% се преиначени, 4 предмети, односно 1% се делумно укинати, а 9 предмети, односно 2,2% се отфрлени и 1 предмет, односно 0,2% е друго.

**Граѓански оддел**

Во текот на 2021 година, во одделот биле решени 3.535 предмети за кои е дозволен правен лек.

Обжалени се 894/833 предмети, од кои 577 предмети, односно 69,3% се потврдени, 135 предмети, односно 16,2% се укинати, 76 предмети, односно 9,1% се преиначени, 38 предмети, односно 4,6% се делумно укинати, а 6 предмети, односно 0,7% се отфрлени.

**Состојба со стари нерешени предмети**

Во Основниот суд Охрид има вкупно 991 стари нерешени предмети, заклучно со 2019 година, од кои 630 стари предмети се оставински предмети кои се во работа кај нотари: спорови од мала вредност 27 предмети, имотни спорови 59, трговски спорови 3, стечајни 2, кривични према полнолетни 66 предмети, прекршочни 40, ВПП предмети 94, оставински 630 (во работа кај нотари), платни налози по приговор 1, КУИКП 8, работни спорови 5, облигациони спорови 47, семејни спорови 1, предмети за навреда и клевета 2, КПП 2, ИКП 1, РВПП 2 и ИПРК 1.

По години структурата на стари нерешени предмети е следна: од 2008 год. 1, од 2009 год. 1, од 2012 год. 1, од 2013 год. 2 , од 2014 год. 24 , од 2015 год. 10 , од 2016 год. 14, од 2017 год. 209, од 2018 год. 336 и од 2019 год. 393 стари нерешени предмети.

**Човечки ресурси**

Основниот суд Охрид 2021 година ја завршил со вкупно 80 вработени од кои 14 судии при што 1 судија со половина работно време и претседателот на судот. Вкупниот број на судии по систематизација треба да биде 18 судии. Вкупно вработени во судската служба се 65, а судот има потреба од пополнување на 15 приоритетни работни места за судски службеници од повеќе категории.

**Информатички технологии**

Во судот има вкупно 80 компјутери, кои според карактеристиките и старосната состојба голем дел од нив не ги исполнуваат основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените. Поради тоа потребна е замена на дотраените комјутери со минимум 10 нови комјутери, како и 10 печатари. Потребно е да се замени и серверот кој ќе биде со поголем капацитет на меморија за да ги задоволи потребите на судот. Потребно е да се обезбеди хардверска подршка за опремата за тонско снимање, како и прилагодување на софтверот за тонско снимање за поновите платформи на Windows.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Охрид не го совладал приливот и се смета за **неажурен суд.**

Предлог мерки:

Потребно е да се пополнат судиските места и административно-стручниот кадар.

## ***ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Основниот суд Прилеп 2022 година ја започнал со остаток од 4876 нерешени предмети од претходната година. Во текот на 2021 година во судот се примени нови 14405 предмети по сите основи и заедно со остатокот од претходната година вклучително и погрешно заведени предмети, вкупно во работа судот имал 19.270 предмети. Решени се вкупно 15496 предмети од кои 7934 граѓански предмети, 7243 кривични предмети.

По видови на предмети во 2021 година решени се, 2086 прекршочни предмети, 1674 кривични предмети,1479 граѓански процесни предмети , 6333 вонпарнични предмети и 3228 предмети од извршување на санкции. Приливот на предмети бил намален на годишно ниво во однос на претходната 2020 година и на 31.12.2021 година, останале нерешени 2.914 предмети од кои по видови на предмети, извршување на санкции 440 предмети, кривични К 570 предмети, парнични 908 предмети, вонпарнични предмети 518 предмети и прекршоци 1278 предмети.

Приливот на предмети е совладан.

**СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2021 година во судот биле во работа вкупно 19 270 предмети од кои 4876 предмети останале нерешени на почетокот на годината, ново примени 632, решени се 15 496 предмети, останале нерешени 3 774 предмети.

**Работа по оддели и квалитет на работа**

**Кривичен Оддел**

Во овој Оддел судот годината ја почнал со остаток од 3208 предмети од претходната 2020 година, од кои: извршување на санкции 302 предмети, кривично малолетни 36 предмети, кривично полнолетни 632 предмети, оценка на обвинителен акт 4 предмети и прекршоци 1400 предмети. Новопримени предмети во овој суд во 2021 година биле 6366 предмети, 3 предмети погрешно заведени, решени се 7243 предмети. останале нерешени 2328 предмети. Според бројот на новопримени предмети и решени предмети во овој оддел за 2021 година, совладан е приливот на предмети, единствено кај кривично полнолетни- замолница во кривична област и во предмети -дејствија од претходна постапка не е совладан приливот на нови предмети .

**Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел на судот остатокот на предмети од претходната 2020 година изнесувал 1664 предмети, намален е прилиот на нови предмети во однос на претходната 2020 година. Новопримени предмети од оваа област во судот биле 7771 предмет, вкупно во работа биле 9367 предмети, решени се 7934 предмети, останале нерешени 1433 предмети.

Приливот на предмети на ниво на суд е совладан, освен во работните спорови, семејни спорови, повторување на постапка во парнично, парнични – мала вредност.

**Квалитет на работа по сите основи**

Во текот на 2020 година од евидентирани 15506 предмети,( според податоците решени се 14.868 предмети), потврдени биле 278 или 1,79%, укинати 76 предмети или 0,49%, преиначени 52 предмети или 0,03% и отфрлени – 3 предмети или 0,01%.

**Квалитет на работа на Кривичен оддел** – Во текот на 2021 година од решени 714 кривични предмети, потврдени биле 105 или 14,7%, укинати 25 предмети или 3,5%, преиначени 39 предмети или 5,4%, делумно укинати 1 или 0,14 %, отфрлени – 2 предмети или 0,28% и друго 2 или 0,28%.

На ниво на прекршочно одделение од решени 2086 предмети, , 34 предмети се потврдени или 1,62%, 8 предмети се укинати или 0,38% и 7 предмети преиначени или 0,33%.

Во овој оддел судиите оствариле повеќе од ориентационата норма.

**Квалитет на работа на Граѓански оддел** - Од вкупно решени 1622 предмети, потврдени биле 196 предмети или 12,8%, укинати 81 предмети или 4,9%, преиначени 53 предмети или 3,2% . Се забележува зголемен број на укинати и преиначени одлуки во однос на претходната година.

Во овој оддел судиите оствариле повеќе од предвидената ориентациона норма по сите предмети.

**Состојба со стари предмети**

Судот 2021 година ја завршил со вкупно 267 стари предмети и тоа во кривичната област вкупно 204 предмети од кои 1 предмет од 2013 година, 2 предмети од 2014 година, 7 предмети од 2016 година, 20 предмети од 2017 година , 57 од 2018 година, 112 од 2019 година и 5 од 2020 година. Во граѓанскиот оддел на 31.12.2021 година останале нерешени вкупно 63 предмети, од кои 1 предмет од 2015 година, 1 предмет од 2017 година, 6 предмети од 2018 година и 55 предмети од 2019 година.

**Човечки ресурси**

Во Основниот суд Прилеп во 2021 година судиската функција ја извршувале 13 судии , 6 судии во кривичниот оддел и 7 судии во Граѓанскиот оддел со тоа што еден судија од Граѓанскиот оддел по негово барање е разрешен од судиската функција со одлука на Судскиот совет на РСМ, што во однос на претходната 2020 година е намалување на бројот на судиите, за еден судија.

Во текот на 2021 година во судот пополнети се 16 работни места од различни категории судски службеници.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Прилеп има добри просторни капацитети. Располага со доволен број на компјутерска опрема за судските службеници. За подобрување на безбедносната состојба на вработените и странките, судот цени дека има потреба за осовременување на опремата за видео надзор во судската зграда која во дел е застарена и нефункционална.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во однос на претходната извештајна 2020 година кога овој суд бил неажурен суд, оваа 2021 година, со оглед дека приливот на предмети на ниво на судот е совладан, Основниот суд Прилеп е **ажурен суд.**

Предлог мерки:

За подобрување на состојбата во судот во однос на стари нерешени предмети особено во кривичниот оддел, потребно е да се посвети поголемо внимание и ангажираност на судиите во завршување на тие предмети, воедно да се пополнат празните судиски места и да се подобри состојбата со опремата за видео надзор на судот.

## ***ОСНОВЕН СУД РЕСЕН***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година на ниво на суд во работа биле вкупно 4995 предмети, од кои решени се 4503 предмети, додека 492 се водат како нерешени.

**СУДСКА УПРАВА**

Вкупно во работа имало 842 предмети, решени биле 836 предмети, а 6 предмети останале нерешени.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

**Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 2062 предмети од кои решени се 1823, нерешени 239.

**Квалитет на работа**

Решени биле 451 предмет, од кои: 28 предмети односно 6,21% се потврдени, 12 предмети односно 2,66 % укинати, 5 предмети односно 1.11 % преиначени.

**Кривичен оддел**

Во работа биле вкупно 2933 предмети, од кои 2680 се решени, а 253 предмети останале нерешени.

**Квалитет на работа**

Решени биле 1098 предмети, од кои: 32 односно 2,91 % потврдени, 8 односно 0,73 % укинати и 7 односно 0,64 % преиначени предмети.

**Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решени предмети 1549 од кои: потврдени 60 односно 3,87 %, укинати 20 односно 1,29%, преиначени 12 односно 0,77%.

**Состојба со стари предмети**

Вкупно во работа 35 стари нерешени предмети, од кои 29 односно 82,86 %, се решени, остануваат нерешени 6 предмети односно 17,14%.

**Човечки ресурси**

Во 2021 година судот имал 3 судии, 1 помлад судски сиработник, 4 референти во писарница, 1 преведувач, 1 благајник, 3 дактилографи, 1 информатичар, 1 економ кој работи и како возач, 1 хаусмајстор, 1 доставувач, 4 судски полицајци и 1 хигиеничар.

Во текот на 2021 година не било пополнето едно испразнето судиско место и не биле реализирани нови вработувања.

**Просторни капацитети**

Не се наведени забелешки за просторните услови, притоа се укажува на потребата од доопремување на судот во поглед на информатичката и друга технологија.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Ресен го совладал приливот на предмети и се смета за **ажурен суд.**

Предлог мерки

Да се преземат мерки за пополнување испразнетото судиско место.

Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот.

Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење.

***<u>ОСНОВЕН СУД СТРУГА</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 2696 предмети. Во работа примил 16058 нови предмети и со 122 предмети повторно земени во работа, како и 9 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имал 18867 предмети. Од тие решил 15270 предмети и нерешени останале 3597 предмети. Приливот на предмети не е совладан и заостатокот е зголемен за 901 предмет.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 2139 предмети и сите предмети се решени.

Судската управа е раководена од Претседателот на судот Ифет Бајрамоски.

Во извештајната година судот имал судски администратор и обврските кои согласно Законот за судска служба се во негова надлежност ги извршувало тоа лице.

**Работа по оддели и квалитетот во работата**

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1157 предмети. Примени со нови 8109 предмети и со 53 предмети земени повторно во работа, како и 6 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имало 9313 предмети. Од тоа решени се 7290 предмети и незавршени останале 2023 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 866 предмети.

**Квалитет на работа на Кривичниот оддел**

Од решените 7290 предмети, обжалени се 177 предмети. Од обжалените предмети 125 предмети или 70,62% се потврдени, 42 предмети или 23,73 % се укинати и 10 предмети или 5,65% се преиначени.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1539 предмети. Примени со нови 5810 предмети и со 69 предмети земени повторно во работа, како и 3 предмети погрешно заведени, вкупно во работа имало 7415 предмети. Од тоа решени се 5841 предмети и незавршени останале 1574 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 33 предмети.

**Квалитет на работа на Граѓанскиот оддел**

Од решените 5841 предмет обжалени се 258 предмети. Од обжалените предмети 193 предмети или 74,81% се потврдени, 45 предмети или 17,44% се укинати и 20 предмети или 7,75%, се преиначени.

**Состојба со стари предмети**

На почетокот на 2021 година Основен суд Струга имал 77 постари предмети од 2 години во работа. На крајот на 2021 година во работа останале 92 стари предмети, што значи дека бројката е зголемена за 15 предмети.

**Човечки ресурси**

Според систематизацијата во Основен суд Струга треба да бидат распоредени 15 судии, но во текот извештајната 2021 година судиската функција ја извршувале 8 судии заедно со Претседателот на судот.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струга, предвидени се 120 работни места од кои пополнети се 49.

**Просторни капацитети**

Зградата на судот е релативно нова и истата е доградена и реновирана, снабдена е со нов мебел за сите простории. Опремени се две судници со опрема за тонско снимање

Состојбата со информатичката опрема ги задоволува потребите на судот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

За работата на судот може да се заклучи следното:

Од аспект на предметното работење, Основниот суд Струга е **неажурен суд.** Приливот на предмети не го совладал, а заостатокот го зголемил за 901 предмет.

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети.

Просторните услови и состојбата со информатичка и безбедносна опрема задоволува.

Во наредниот период треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот и да се подобри кадровската состојба на судска администрација и судска полиција.

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Апелациониот суд Штип, 2021 година ја започнал со 161 нерешени предмети од предходната година, а во текот на годината, во работа примил 2 823 нови предмети, со што во работа имал вкупно 2984 предмети. Од вкупниот број на предмети во работа решени биле 2532 предмети а нарешени останале 452 предмети.

Во извештајната година бројот на новопримени предмети во однос на предходната 2020 година е поголем за 250 предмети .

**СУДСКА УПРАВА**

Во 2021 година од страна на судската управа постапувано е по предмети заведени во соодветни уписници и тоа по вкупно 1 567 предмети и сите биле решени во текот на извештајната година.

По основ на различни известувања во судката управа пристигнале 1253 предмети, понатаму во доверлив уписник биле евидентирани 14 предмети, во уписникот за евиденција на претставки и поплаки заведени биле 41 претставка, 246 барања за иземање на судии и претседателот и 13 барања за слободен пристап до информации.

Во текот на 2021 година, по одобрените средства од страна на Судскиот Буџетски Совет на РСМ, од страна на Апелациониот суд Штип, изготвен е годишен план за јавни набавки според кој биле предвидени и спроведени 3 јавни набавки.
Поради COVID19 пандемијата, дел од судиите и администрацијата отсуствувале поради боледување, а еден период судот работел и со скратено работно време до 14,00 часот.

Во текот на годината, претседателот на АС Штип заедно со судии од двата оддели по претходно подготвен распоред, извршиле посета на сите основни судови од апелационото подрачје на овој суд за што биле изготвени и посебни извештаи во кои се констатирани состојбите со управувањето и движењето на предметите во овие судови, просторните и кадровските услови за работа, како и информатичките потреби на судовите и судиите.

Преку канцеларијата за односи со јавноста, овој суд во 2021 година примил 897 писмени поднесоци. Примени биле 13 барања за информации од јавен карактер од кои 9 биле уважени и дадена била бараната информација, а 4 барања биле одбиени бидејќи оценето било дека бараната информација не е информација од јавен карактер.

Покрај тоа, на веб страната на судот редовно се објавувале и информации за јавноста, месечни и периодични извештаи за работата на судот, соопштенија, огласи, билтени. Во извештајната година објавени биле 2473 одлуки.

**Работа по оддели и квалитетот во работата**

**Работа по оддели**

Апелациониот суд во Штип е основан за подрачјето на основните судови Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип. Работата на Апелациониот суд Штип е организирана во два оддели, односно Кривичен оддел и Граѓански оддел.

Во извештајната 2021 година овој суд во работа имал вкупно 2984 предмети, од кои успеал да заврши 2532 предмети или вкупно 84,85% од вкупниот број на предмети во работа. Останале незавршени 452 предмети или 15,15% од вкупниот број на предмети.

Состојбата по предметното работење по оддели е следна:

**Во кривичниот оддел,** од претходната година имало заостаток од 18 второстепени кривични и прекршочни предмети заведени како КЖ, 4 предмети за второстепен кривичен совет КСЖ, 3 второстепени прекршочни предмети ПРКЖ или вкупно 25 предмети нерешени со кои започнала извештајната година. Понатаму 7 предмети биле повторно во работа и заведени како второстепени кривични предмети, 1 предмет погрешно заведен како второстепен прекршочен предмет. Примени се нови 398 второстепени кривични и прекршочни предмети заведени како КЖ, 6 предмети за воростепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници КЖМ, 153 предмети за второстепен кривичен совет КСЖ, 389 предмети второстепени прекршочни предмети ПРКЖ и 12 предмети заведени во уписник како разни кривични предмети.

Судот во извештајната година во кривичниот оддел вкупно во работа имал 990 предмети од кои решил 956 предмети а останале нерешени 34 предмети, односно

кривичниот оддел успеал да заврши 96,6% од вкупниот број на предмети, а во работа останале вкупно 3,4% од вкупниот број на предмети.

**Во граѓанскиот оддел,** од претходната година имало заостаток од 91 второстепени граѓански предмети ГЖ, 21 второстепени предмети по спорови од работни односи РОЖ, 24 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ, или вкупно заостаток од предходната година 136 со кои започнала извештајната година. Новопримени во работа во тековната година биле 833 второстепени граѓански предмети ГЖ, 686 второстепени предмети по спорови од работни односи РОЖ, 279 второстепени предмети по трговски спорови ТСЖ и 35 разни граѓански предмети Р или вкупно заостатокот во граѓанскиот оддел од предходната година бил 136 предети со кои започнала извештајната година.

Судот во извештајната година во граѓанскиот оддел во работа имал вкупно 1994 предмети од кои решил 1576 предмети а останале нерешени 418 предмети, односно граѓанскиот оддел успеал да заврши 79% од вкупниот брј на предмети во работа во овој оддел, а останале незавршени 21% од вкупниот број на предмети кои биле во работа.

**Квалитетот во работата по оддели**

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки е прикажана во соодноc со вкупно решените предмети.

**Во кривичниот оддел** од вкупно решените 956 предмети, потврдени се 24 предмети или 2,51%, укинати се 5 предмети или 0,52% , преиначени се 1 предмет или 0,10% и отфрлени се 10 или 1,05%.

**Во граѓанскиот оддел** од вкупно решени 1.576 предмети, потврдени се 61 предмети или 3,87%, укинати се 18 предмети или 1,14%, преиначени се 4 предмети или 0,25% и отфрлени се 19 или 1,21%.

Овие проценти водат кон заклучок дека судот во извештајната година имал висок квалитет на завршени предмети.

**Состојба со стари предмети**

На крајот на извештајната 2021 година, состојбата со стари незавршени предмети според годината на прием во Апелациониот суд Штип е следната:

КЖ - незавршени останале 12 предмети: (1 предмет од 2011 година, 1 предмет од 2015 година, 4 предмет од 2017 година, 1 предмет од 2018 година и 5 предмети од 2019);

ГЖ - незавршени останале 66 предмети: (1 предмет од 2010 година, 1 предмет од 2011 година, 1 предмет од 2012 година, 1 предмет од 2013 година, 1 предмет од 2015 година, 1 предмет од 2016 година, 3 предмети од 2017 година, 12 предмети од 2018 година и 45 предмети од 2019гпдина);

ТСЖ - незавршени останале 16 предмети: (1 предмет од 2014 година, 1 предмет од 2017 година, 5 предмети од 2018 година и 9 предмети од 2019 година);

РОЖ - незавршени останале 5 предмети од 2019 година.

**Кратки констатации за условите за работа во врска со човечките ресурси, опременост на судот и просторни капацитети**

Во текот на 2021 година Апелациониот суд Штип имал 53 вработени од кои 11 судии заедно со претседателот на судот, 34 судски службеници, 6 припадници на судската полиција и 2 хигиеничарки.

Судот до 14.07.2021 година работел со 11 судии вклучувајќи го и претседателот на судот кој претседавал со еден од двата кривични совети и бил член во двата граѓански совети. По горенаведениот датум, судот работел со 9 судии бидејќи со одлука на Судскиот совет на РСМ, двајца судии од граѓанската материја биле оддалечени од вршење на судиската функција до правосилно завршување на постапките. Тоа наложило во судот да се формира само еден граѓански совет наместо два, што довело до заостаток на 452 предмети од кои 418 од граѓанската материја и

34 од кривичната материја. Покрај наведените состојби, еден од судиите кој работи на граѓанска материја на 13.07.2016 година бил избран за Претседател на ОС Виница, а поранешниот Претседател на судот во 2020 година бил избран за судија во Врховниот суд и неговото место не било пополнето. Сите напред наведени фактори влијаеле извештајната година да заврши со заостаток во предмети поголем од претходната година.

Просторните капацитети на зградата на Апелациониот суд во Штип во начело ги задоволуваат потребите за условите за извршување на работните задачи освен што постои недостаток на простории за посоодветно сместување на судските советници и соработници како и на записничарите. Проценка е дека оваа состојба може да се надмине само доколку Вишото јавно обвинителство кое е сместено во судската зграда биде преместено во друга зграда. Просториите во кои се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема, секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и интернет. Судот располага со три судници од кои едната е со систем на тонско снимање и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот. По однос на употребата и примената на информатичкиот систем истиот во целост е функционален. Во текот на 2021 година направена е замена на 40 компјутери со нови, а набавени биле и 15 слушалки и 5 web камери за следење на обуки преку интернет.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Апелациониот суд во Штип во 2021 година со зголемениот обем на работа и значајно намалениот број на судии работел како **неажурен суд**. Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека судот не успеал да го совлада приливот на нови предмети и да го намали заостатокот од претходната година бидејќи заостатокот на нерешени предмети е зголемен за 291 предмет. Во текот на извештајната година примени се вкупно 2823 предмети ( во споредба со 2020 година кога биле примени 2.573 предмети) и заедно со нерешените 161 предмети од предходната година, вкупно во работа биле 2.984 предмети, од кои решени се вкупно 2532 предмети, а останале нерешени 452 предмети. Ова се должи на значајно намалениот број на судии во споредба со претходната година кои иако се ангажирале максимално не било возможно да го совладаат приливот целосно.

Вкупниот број на нерешени предмети што останале на крајот на 2021 година, 452 предмети по сите основи, согласно просекот на вкупно решените 2.532 предмети во извештајната година, може да биде решен за два месеци. Квалитетот на донесените одлуки и во двата оддели е на високо ниво

Во текот на 2021 година потребно е судиите да ја задржат ажурноста на судот и да ги решат старите предмети, особено предметите кои се од постари годишта. Сепак за поголема ажурност на судот неопходно е во судот да бидат избрани најмалку 4 нови судии.

Судот има потреба од повеќе стручни соработници, бидејќи иако со систематизацијата се предвидени 8 стручни соработници, пополнети се само две места.

Бидејки од 2020 година, преку трајно превземање Судскиот совет го превзел Вишиот судски референт координатор на техничка служба – возач, останало непополнето и тоа работно место. Ашелациониот суд Штип има потреба од пололнување на тоа работно место поради навремено функционирање на техничките работи.

Апелациониот суд Штип има потреба од нови сервери и постојано осовременување на информатичката опрема.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Берово од претходната 2020 година останале нерешени вкупно 658 предмет, а новопримени во текот на 2021 година биле 3772 предмети, предмети повторно во работа 40, погрешно заведени предмети 1, така што вкупниот број на предмети во работа во 2021 година бил 4469. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2021 година биле решени 3611, а останале нерешени 858 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работењето на судската управа, нерешени предмети на почетокот на годината нема, новопримени во текот на 2021 година биле 646 предмети, погрешно заведени нема. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 645, а останал нерешен само 1 предмет.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Во **Кривичниот оддел** на Основниот суд Берово од претходната 2020 година нерешени останале 210 предмети, новопримени предмети од овој вид во текот на 2021 година биле 1353 и 21 предмети повторно во работа, а погрешно заведени предмети нема. Вкупниот број на предмети во Кривичниот оддел во извештајната 2021 година бил 1584, од кои во текот на 2021 година биле решени 1209 предмети и останале нерешени 375 предмети.

Во **Граѓанскиот оддел** на Основниот суд Берово од претходната 2020 година останале нерешени 155 предмети, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2021 година биле 203, повторно во работа биле 19 предмети, а 1 предмет бил погрешно заведен. Вкупниот број на предмети во Граѓанскиот оддел во извештајната 2021 година бил 376 предмети, од кои решени предмети биле 208 и останале нерешени 168 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на Оддели во работата според доставениот извештај е изразен на следниот начин:**

Во Кривичниот оддел од вкупно 752 решени предмети, одлуките биле потврдени во 7 предмети или 50%, укинати 3 предмети или 21,43%, а преиначени 4 предмети или 28,53%.

Во Граѓанскиот оддел од вкупно 208 решени предмети, одлуките биле потврдени во 37 предмети или 67,27%, укинати 14 предмети или 25,45%, а преиначени биле 4 предмети или 7,28%.

Во Прекршочниот оддел од вкупно 457 решени предмети, одлуките биле потврдени во 9 предмети или 75%, укинати 2 предмети или 16,66%, а преиначени биле 3 предмети или 8,33%.

**Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Берово во претходната 2021 година евидентирани се 21 стар предмет и тоа поради кадровските промени поради пензионирање и различно време на упатувани судии од други судови, кои времено постапуваат во работата на судот, а предметите се пренесуваат на друг судија. Притоа, потребно е време за преземање на работата по предметот поради промена на составот на судот. По однос на нивното решавање, судот има изготвено план кој успешно се реализира.

**Човечки ресурси**

Во извештајната 2021 година во Основниот суд Берово воочен е проблем во диспропорцијата во однос на доверените работни задачи на работни места со повисок степен на местото на пензионирани работници кои ги заменуваат, а платата не е усогласена поради необезбедени финансиски средства. Исто така, има недостаток на уписничари и дактилографи.

**Просторни капацитети**

Просторниот капацитет на Основниот суд Берово делумно ги задоволува потребите за вршење на работите од областа на пружање на правна помош на граѓаните. Состојбата на зградата е релативно функционална, во употреба е само една судница, така што во иднина дел од просториите треба да бидат пренаменети и ставени во функција на барем уште една судница, а заради нормално работење на судиите, особено во период кога се уште поради пандемијата од Ковид е потребно да се подобрат условите при судењето, односно при контактите со странките, како и во текот на судењето. Потребно е подобрување на одредени градежни позиции кои не се реконструирани повеќе од 40 години и тоа канцелариските подови во изведба на "перлит" подлога со синтелон во крајно лоша состојба. Исто така, во лоша состојба се и керамичките подни плочки на ходниците од приземјето и катот, а воедно, се јавува проблем и во кровната конструкција, која е од метал и на некои места протекува и е потребна санација во најкраток можен рок.

Информатичката технологија дел е застарена. Потребна е набавка на 3 персонални компјутери и еден фотокопир.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Берово во текот на 2021 година не го решил приливот на предметите во Граѓанскиот оддел бидејќи во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината имало 155, а останале нерешени предмети на крајот на годината 168. Исто така, судот не го решил приливот ниту во Кривичниот оддел бидејќи во овој оддел нерешени предмети на почетокот на годината имало 210, а останале нерешени предмети на крајот на годината 375.

Имајќи предвид дека во текот на 2021 година, Основниот суд Берово на почетокот на годината имал нерешени вкупно 658 предмети, а на крајот на годината од вкупниот број предмети во работа нерешени останале 858 предмети, произлегува дека Основниот суд Берово не го совладал приливот на предметите, поради што може да се констатира дека **неажурен суд.**

По однос на квалитетот на решени предмети на ниво на оддел, во Кривичниот оддел се забележува зголемување на квалитетот на потврдени и намален број на укинати предмети, но има извесно опаѓање на квалитетот со благо зголемување на процентот на преиначени предмети, во Граѓанскиот оддел се забележува зголемување на квалитетот на потврдени предмети, но извесно опаѓање на квалитетот со благо зголемување на процентот на укинати и преиначени предмети од претходната извештајна 2020 година, од каде произлегува дека судот во наредната година треба да вложи напори да се подобри квалитетот на одлуките. Во Прекршочниот оддел се забежежува зголемување на квалитетот на потврдени предмети и намален број на укинати и преиначени предмети.

Просторниот капацитет ги задоволува потребите за вршење на работите од област на пружање правна помош на граѓаните. Судот се соочува и оваа година со проблеми и е потребно уредување на подовите по канцелариите и ходниците, внатрешно уредување на судот и санакција на кровната конструкција.

Информатичката технологија во дел е застарена и потребно е набавка на нови компјутери, принтери и фотокопир.

Во однос на човечките ресурси постои проблем во диспропорција во однос на доверените работни задачи на работни места со повисок степен на местото на пензионирани работници кои ги заменуваат, а исто така, потребни се и нови уписничари и дактилографи.

## ***ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во Основниот суд Виница од претходната 2020 година останале нерешени 483 предмети, новопримени предмети во 2021 година биле 4315 предмети, повторно земени во работа 28 предмети или судот имал вкупно во работа 4826 предмети. Споредбено со 2020 година, Судот имал во работа 1359 предмети повеќе – нормирани и ненормирани. Решени се вкупно 4 122 предмети, останале нерешени 703 предмети. Во 2021 година судот не го совладал приливот на предмети, како и претходната 2020 година, заостатокот на предмети е зголемен за 220 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

Во текот на 2021 година примени се 752 предмети и сите се решени, нема нерешени предмети од претходната 2020 година.

**Работа по оддели и квалитетот на работа**

**Кривичен Оддел**

Во овој одел Судот годината ја започнал со заостаток од 381 предмет, во 2021 година судот примил 2323 нови предмети, 22 предмети повторно примени во работа, вкупно во работа од оваа област биле 2726 предмети. Во 2021 година биле решени 2145 предмети, останале нерешени 572 предмети. Годишниот прилив на нови предмети е зголемен, зголемен е и бројот на решени предмети, но приливот не е совладан, зголемен е бројот на останати нерешени предмети во однос на 2020 година.

**Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел на судот остатокот од 2020 година бил 102 предмети, во извештајната 2021 година биле примени 1240 нови предмети, 6 предмети повторно примени во работа или вкупно во работа во овој оддел биле 1348 предмети, решени се 1217 предмети, останале нерешени 131 предмети. Иако е зголемен бројот на решени предмети во однос на 2020 година, годишниот прилив на предмети и во овој оддел не е совладан.

**Квалитет на работа по сите основи**

Во текот на 2021 година од вкупно 1179 решени предмети, 51 предмет бил потврде или 4,3 %, 23 укинати или 1,9 % и 8 преиначени или 0,7%.

**Кривичен оддел** од решени 919 предмети, 29 предмети биле потврдени или 3,15%, 18 предмети биле укинати или 1,95% и 6 предмети биле преиначени или 0,65%.

**Граѓански оддел** од решени 260 предмети, 22 предмети биле потврдени или 8,46%, 5 предмети укинати или 1,92% и 2 предмети преиначени или 0,77%.

**Состојба со стари предмети**

Судот 2021 година ја завршил со вкупно 12 стари предмети и тоа: 1 предмет од 2015 година, 3 предмети од 2018 година и 8 предмети од 2019 година.

Во однос на претходната 2020 година кога остатокот на стари нерешени предмети изнесувал 20 предмети, во 2021 година намален е бројот на стари предмети.

**Човечки ресурси**

Во извештајната 2021 година судот работел со двајца судии и ВД претседателот на судот. Еден од судиите кој работи на кривична материја со Одлука на Судскиот совет времено бил упатен за вршење на судиската функција од Основен суд Кочани во Основен суд Виница до 12.05.2022 година.

ВД Претседателот на Основниот суд Виница кој е судија во Апелациониот суд Штип, покрај претседателските работи, ги работи и работите на администраторот бидејќи судот нема администратор, потоа постапува по замолници, заверка на

договори, заверка на документи со Апостил и КРИ печат. Во случај на изземање на судот, на судија од кривична или граѓанска област се бара Апелациониот суд Штип да определи друг суд или делегирање на судии од друг суд од подрачјето на Апелациониот суд Штип.

Судот во 2021 година работел со 19 судски службеници и ваквата пополнетост на работните места не одговара на обемот на работата. Имено, на крајот на 2020 година и почетокот на 2021 година биле испразнети две работни места, за прием на експедиција на пошта и водител на писарница, истите не биле пополнети во 2021 година , не биле предвидени ниту во Годишниот план за вработување за 2022 година. Работното место – водител на писарница во граѓански оддел не е пополнето и работите на ова работно место се дополнително распоредени на водителите на кривична писарница и за извршување на санкции.

**Просторни капацитети**

Зградата во која е сместен судот не ги задоволува во целост просторните потреби на судот, имено, недостасува уште една сала за судење и магацински простор, каква што била состојбата и во претходната извештајна 2020 година. Судот има само една сала за судење, нема магацински простор, располага со едно возило, располага со информатичка технологија, но потребно е обновување на постоечкото мрежно поврзување што беше констатирано и во извештајот за овој суд за 2020 година.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Споредбено со 2020 година, заостатокот на предмети е зголемен, приливот на предмети не е совладан, поради што Основниот суд Виница е **неажурен суд**, потребно е целосна екипираност на судот како во однос на бројот на судиите така и во делот на судските службеници согласно актите со кои е утврден потребниот број на судии и службеници.

## ***<u>ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО</u>***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година на ниво на суд во работа биле вкупно 5.862 предмети, од кои решени се 4.683 предмети, додека 1.179 предмети се водат како нерешени. Приливот е совладан, односно решени се вкупно 79,88% од вкупниот број на предмети во 2021 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во работа 640 предмети, решени се 636 предмети, останале нершени 4 предмети.

**Квалитет на предмети на ниво на суд**

Решени 1.247 предмети, од кои потврдени 91 односно 80,53%, укинати 15 односно 13,27% и преиначени 7 односно 6,19%.

**Работа по оддели и квалитет во работа**

**Кривичен оддел**

Во работа биле вкупно 677 предмети, од кои 467 се решени, останале нерешени 210 предмети.

**Квалитет на работа:** Решени 467 предмети, од кои потврдени 9 односно 60%, укинати 4 односно 26,66%, преиначени 2 односно 13,33% .

**Граѓански оддел**

Во работа биле вкупно 513 предмети, од кои 239 се решени, останале нерешени 274 предмети.

**Квалитет на работа:** Решени 239 предмети од кои потврдени 76 односно 86,36%, укинати 8 односно 9,1%, преиначени 4 односно 4,54% .

**Прекршочен оддел**

Во работа биле вкупно 931 предмет, од кои 541 се решени, останале нерешени 390 предмети.

**Квалитет на работа:** Решени 541 предмети од кои потврдени 6 односно 60%, укинати 3 односно 30%, преиначен 1 односно 10% .

**Состојба со стари предмети**

Во почетокот на 2021 годината останале нерешени 33 предмети, новопримени се 51 предмет, вкупно предмети во работа биле 84, од кои 30 предмети се решени, а останале нерешени 54 предмети.

**Човечки ресурси**

Во 2021 година во Основен суд Делчево вкупно биле вработени 32 лица, од кои двајца судии, а од нив едниот е претседател. Со Одлука на Судскиот Совет во Основен суд Делчево времено е упатен еден судија од Основен суд Кочани да ја извршува судиската функција за време од 6 месеци, а во месец февруари му е продолжено делегирањето за уште 6 месеци. Според систематизацијата, судиската функција треба да ја обавуваат четворица судии со претседателот на судот. Според систематизацијата, планот за вработување за 2021 година и реалните потреби на судот, потребно е вработување на уште најмалку 5 судски службеници од различни категории. Во 2021 година во судот нема нови вработувања, ниту унапредувања.

**Просторни капацитети**

Основниот суд Делчево работи во зграда од која три простории користи Јавното обвинителство Делчево, со посебен влез. Се истакнува потребата од итно реновирање на парното греење и замена на двата парни котли. Потребата за реновирање е нагласена и во извешајот за работа на Основниот суд Делчево за 2020 година. Исто така, потребно е да се постави детекторска врата на влезот на судот и да се постават камери кои не биле досега поставени, заради подобрување на безбедносната состојба на судот.

Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија, истата ја задоволува моменталната потреба. Програмските апликации во судот функционираат добро. Формирана е канцеларија за односи со јавноста, која секојдневно остварува контакти со граѓани и странки во поглед на добивање на информации од работењето на судот. Исто така е определено лица задолжено за односи со јавноста.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Врз основа на изнесените податоци, произлегува дека Основниот суд Делчево во тековната 2021 година бил ажурен, успеал да го совлада приливот на предмети и да реши 79,88% од вкупниот број на предмети во работа. Во почетокот на 2021 година, останале нерешени 992 предмети, а вкупно во 2021 година биле во работа 5.862 предмети, од кои решени се 4.683 предмети, додека 1.179 се водат како нерешени, па произлегува дека Основниот суд Делчево во тековната 2021 година е **неажурен суд,** бидејќи не успеал да го совлада приливот.

Предлог мерки

Врз основа на изнесените податоци, произлегува дека за подобрување на состојбите во судот, потребни се зголемени напори за подобрување на квалитетот на работење на ниво на суд, а особено во кривичниот оддел;

Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места,

Да се согледа можноста за техничко доопремување, односно реновирање на судот како и подобрување на безбедносната состојба на судот, со поставување на детекторска врата на влезот на судот и камери.

## *ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ*

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во извештајната 2020 година Основниот суд Кочани вкупно во работа имал 14.422 предмети, од кои 2.487 предмети како нерешени се пренесени од претходната година, 11.826 се новопримени предмети, од кои 3 се погрешно заведени и 112 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 12.399 предмети и останале 2.023 нерешени предмети. Основниот суд Кочани во текот на 2021 година го совладал приливот на предмети, а заостатокот го намалил за 464 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на 2021 година останале 11 нерешени предмети. Во текот на 2021 година бројот на новопримени предмети е 2.160 предмети. Вкупниот број на предмети во работа во 2021 година е 2.171 предмет. Вкупниот број на решени предмети во 2021 година е 2.168 предмет, нерешени 3.

**Кривичен Оддел**

Од претходната 2020 година, во кривичниот оддел останале незавршени 1.826 предмети.

Бројот на новопримени предмети во 2021 година 6.812 предмети, предмети повторно во работа имало 62 и 2 предмети биле погрешно заведени.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2021 година е 8.700 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2021 година во кривичниот оддел е 7.183 предмети, 1.517 предмети останале нерешени.

Кривичниот оддел на Основниот суд Кочани го совладал приливот на предмети, а го намалил заостатокот за 309 предмет.

**Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од обжалените и решени 2.543 предмети кои се вратени во текот на 2021 година, потврдени се 134 предмети или 5,3%, укинати се 45 предмети или 1,8% и преиначени се 19 предмети или 0,7%.

**Граѓански оддел**

Од претходната 2020 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 648 предмети.

Бројот на новопримени предмети во 2021 година е 2.854 предмети, 50 предмети се повторно во работа и 1 предмет е погрешно заведен.

Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2021 година е 3.551 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во текот на 2021 година во граѓанскиот оддел е 3.048 предмети.

Нерешени предмети до крајот на 2021 година останале 503 предмети.

Граѓанскиот оддел на Основен суд Кочани го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот на предмети за 145 предмети.

**Квалитетот на граѓаскиот оддел**

Од обжалените и решени 857 предмети кои се вратени во текот на 2021 година, потврдени се 209 предмети или 24,4%, укинати се 43 предмети или 5% и преиначени се 14 предмети или 1,6%.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на 2021 година во Основниот суд Кочани во работа имало вкупно 304 стари предмети, постари од 2 години, во текот на годината постари од 2 години станале уште 284 предмети, или вкупно во работа биле 588 предмети постари од 2 години, од кои биле решени 379, а останале нерешени 209 стари предмети. Од тука

може да се заклучи дека на крајот од 2021 година заостатокот на стари предмети во однос на почетокот на годината е намален за 95 предмети.

**Кратки констатации за условите за работа**

**Просторни капацитети**

Судот се соочува со недостаток на судници, бидејќи значителен дел од просторните капацитети ги користат Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство. Просторните капацитети не ги задоволуваат потребите на судот и во однос на вработените судски службеници и покрај доброто функционирање на шалтерскиот систем.

**Информатичка технологија**

Судот е опремен со информатичка технологија која максимално се користи за целосна евиденција на судските предмети со користење на три софтверски апликации.

**Човечки ресурси**

Во Основниот суд Кочани согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, во овој суд биле предвидени 88 работни места, од кои заклучно со 31.12.2021 година имало вработено вкупно 41 службеник.

Во Основниот суд Кочани во текот на годината биле испразнети 5 работни места.

Согласно Одлуката на Судскиот Совет на Република Северна Македонија за Основен суд Кочани предвидел да постапуваат и судиската функција да ја извршуваат 10 судии, меѓутоа со пензионирање на судии и разрешување на еден судија по негово барање во текот на 2021 година, во моментот биле пополнети само 8 места, но сепак постапувале само 7 судии, бидејќи 1 судија по пат на делегирање во текот на 2021 година судиската функција ја обавувал во Основен суд Виница каде сеуште се наоѓа.

Со овој број на судии отежнато е формирањето на советите од тројца судии, па често се јавувало потреба од изземање во кривичните предмети поради законски определен судија да постапува во некој предмет. Проблеми околу назначување на втор судија да постапува во некој предмет, проблеми околу назначување на втор судија во судечкиот совет од 5 члена, а со тоа и честа потреба да се бара определување на друг суд да постапува по кривичен предмет, но и неопходноста судии кои се специјализирани да работат во граѓанска материја да земат во работа и прекршочни, а понекогаш и кривични предмети.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Кочани е **ажурен суд**, бидејќи го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот на предмети на ниво на суд.

Предлог мерки

Да се обезбедат повеќе просторни капацитети за судници, канцеларии за вработените и просторија за адвокати.

Да се настојува поконтинуирано пополнување на упразнетите работни места за судските службеници по разни основи, бидејќи бројот на овие работни места во текот на извештајната година е значителен.

Исто така потребно е да се пополнат и непополнетите судиски места заради непречено спроведување на Годишниот распоред за работа на судот.

## ***ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година во Основниот суд Радовиш се примени 8197 премети, од претходната 2020 година останале нерешени 602 предмети, повторно земени во работа 62 предмети, или вкупно во работа судот имал 8861 предмети. Решени се 7922 предмет, останале нерешени 939 предмети. Приливот на нови предмети не е

совладан , иако судот решил повеќе предмети во однос на претходната 2020 година, воедно и примил повеќе нови предмети. Зголемен е и бојот на нерешени предемти во однос на 2020 година, за 337 предмети повеќе.

**СУДСКА УПРАВА**

Во 2021 година судот примил 860 нови предмети од судска управа, 1 предмет останал нерешен од претходната 2020 година, вкупно во работа имало 861 предмет, од кои решени се 860 предмети, останал нерешен 1 предмет, совладан е приливот на предмети.

**Работа по оддели и квалитет во работата**

Во 2021 година од вратени 158 предмети по жалба од Апелациониот суд Штип потврдени се 101 предмет или 6,55%, укинати 35 предмети или 2,27% и 19 преиначени или 1,23%. и 1 предмет е делумно укинат или 0,06% , 2 предмети отфрлени или 0,12 % од вкупно решените предмети.

**Кривичен оддел**

На почетокот на 2021 година овој Оддел имал 210 нерешени предмети, 1538 новопримени предмети ( К, К-ПП, КС, ПРК), 17 предмети повторно примени во работа или вкупно 1765 предмети. Решени се 1184 предмети, останале нерешени 581 предмет, приливот на нови предмети не е совладан. Остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајниот период , за кривичните предмети, изнесувал 86 предмети и е намален во однос на 2020 година. Во однос на предметите К-ПП за 2021 година, нема нерешени -остаток на предмети. Кај прекршочните предмети, зголемен е бројот на предметите во работа за 702 предмети во однос на претходната година, воедно и остатокот на нерешени предмети е зголемен за 376 предмети .

Квалитетот на работа на овој Оддел е следен: Од вкупно 1128 решени предмети, потврдени предмети се 42 или 3,72%, укинати 12 предмети или 1,06%, преиначени 13 предмети или 1,15%. Квалитетот на работата во овој Оддел е подобрен во однос на претходната 2019 година.

**Граѓански оддел**

Во извештајната 2021 година во овој Оддел вкупно во работа биле 533 предмети, нови предмети 327, повторно заведени 29 предмети, остатокот на нерешени на почетокот на годината изнесувал 177 предмети, решени се 413 предмети,останале нерешени 120 предмети. Остатокот на нерешени предмети во овој оддел на крајот на извештајниот период е намален за 57 предмети во однос на 2020 година кога биле 177 нерешени предмети, совладан е приливот на нови предмети во овој оддел.

Квалитетот на работа на овој Оддел е следниот: Од вкупно решени 413 предмети, 59 предмети се потврдени или 14,2%, 23 предмети се укинати или 5,56%, 1 предмет е делумно укинат или 0,24% и 3 преиначени или 0,72%.

**Состојба со стари предмети**

Во текот на 2021 година судот постапувал по 118 стари- нерешени предмети со пренесените 73 предмети од 2020 година. На крајот на 2021 година останале нерешени 2 кривични предмети од 2019 година, 45 оставински предмети, 8 предмети за извршување на казна затвор, 3 прекршочни предмети, 4 вонпарнични предмети и 1 ВПП1 предмет . Се констатира зголемување на бројот на стари нерешени предмети во однос на претходната 2020 година.

**Човечки ресурси**

Судот работел со помал број на судии од предвидениот број, кој согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ изнесува 6 судии. судиската функција во овој суд ја извршувале ВД Претседател на судот до 08.05.2020 година и 3 судии, а од 08.05.2020 година, Претседател на судот и 3 – ца судии,од кои на еден судија , по негово барање му престанала функцијата на 25.5.2021 година. Судот работел со помал

број на судии од предвидениот број, кој согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ изнесува 6 судии.

Основниот суд Радовиш , како и претходната така и во 2021 година е сместен во зграда во која покрај судот, се сместени и Основното јавно обвинителство Радовиш и подрачните единици на Агенцијата за катастар на ндвижности и Управата за јавни приходи. Сите овие органи користат заеднички влез , заедничко дворно место , делумно и заедничка инсталација, кое нешто предизвикува проблеми од организационе карактер, особено во делот на обезбедувањето , соодветна безбедност на луѓето и имотот во судската зграда, судот не располага со посебна библиотека , располага со информатичка опрема. Со набавката на компјутери како во извештајната година, така и претходната, значително е подобрена информатичката опрема, со тоа подобрен капацитетот и спроведувањето на дејствијата и целокупното работење на судот.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Радовиш во 2021 година, бил **неажурен суд**, не успеал да го совлада приливот на нови предмети, зголемен е остатокот на нерешени предмети на 602 предмети, што претставува зголемување за 18 предмети.

Квалитетот на донесените одлуки е на добро ниво. Предлог мерки, во најкус можен рок да се пополнат испразнетите судиски места и предвидените работни места за судски службеници.

## <u>ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ</u>

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Во текот на 2021 година во Основниот суд Свети Николе, нерешени од претходната година останале 360 предмети, новопримени биле 5.317 предмети, повторно во работа се 44 предмети, погрешно заведени 2 предмети, вкупно во работа биле 5.719 предмети, решени се 4.796 предмети, а останале нерешени 923 предмети.

**СУДСКА УПРАВА**

На почетокот на извештајната 2021 година новопримени предмети 880, вкупно во работа биле 880 предмети од кои 880 се решени,нема нерешен предмет.

**Работа по оддели и квалитетот во работа**

**Кривичен оддел**

На почетокот на 2021 година нерешени 207 предмети, новопримени се 2.951 предмети, повторно во работа се 17 предмети, погрешно заведени 2 предмети, вкупно во работа 3.173 предмети, решени се 2.447 предмети, а останале нерешени 726 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените 2.447 предмети, потврдени се 34 предмети или 1,39%, укинати се 13 предмети или 0,53% и преиначени 3 предмети или 0,12%.

**Граѓански оддел**

На почетокот на 2021 година, нерешени предмети 153, новопримени се 1487 предмети, повторно во работа се 26 предмети, погрешно заведен 0 предмет, вкупно во работа 1666 предмети, решени се 1469 предмети, а останале нерешени 197 предмети.

Квалитетот на работа во овој оддел е следен: од вкупно решени 1469 предмети потврдени се 66 предмети или 4,49%, укинати се 14 предмети или 0,95% и преиначени се 7 предмети или 0,48%.

Квалитетот на работењето на ниво на суд е следен: од вкупно решените 4.796 предмети, потврдени се 100 или 2,08%, укинати се 27 предмети или 0,56 % и преиначени се 10 предмети или 0,21 %.

**Состојба со стари предмети**

На крајот на извештајната година, од предметите кои ги решавале судиите, останале нерешени 6 стари предмети од извршување на санкции кои првпат биле заведени 2019 година, 1 стар нерешен предмет од кривично-полнолетни кој првпат бил заведен во 2018 година и 1 стар нерешен предмет физичка делба првпат заведен во 2019 година.

**Човечки ресурси**

Во Основниот суд Свети Николе за обавување на судиската функција предвидени се 4 судии. Во текот на 2021 година судиската функција ја извршувале 3 судии избрани во судот. Непотполнето е место за уште 1 судија.

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места во овој суд, се систематизирани 19 работни места, а предвидени се 40 извршители за поодделните работни места.

Во текот на 2021 година судот работеше со 21 судски службеник.

Има потреба од приоритетно вработување на уште двајца извршители – судска полиција, а воедно согласно систематизацијата има непополнети повеќе работни места, кои се детално наведени во Извештајот за работа на овој суд за 2021 година.

**Просторни капацитети**

Зградата на Основниот суд Свети Николе е изградена во 1976 година. Судиите се сместени во посебни канцеларии, а има работни канцеларии и за останатите вработени во судот.

Просторните капацитети во судот задоволуваат, потребно е да се променат прозорците, бидејќи се изработени од дрво и со текот на времето претрпеле деформации и оштетувања поради што има голема топлинаска загуба.

**Информатички технологии**

Во судот се користи информатичката технологија и во 2021 година биле набавени 2 мрежни принтери. Биле купени и 1 компјутерско кућиште и 1 UPS уред.Потребно е да се набават уште 4 нови помоќни 64 bit-ни комјутери.

**Планирани и релизирани вработувања**

Во изминатата година планирано било пополнување на работни места, но ниту едно вработување не е реализирано.

**Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опремата на судот според стандардите**

Судската полиција редовно врши контрола при влезот на странките и другите посетители во судот, но постои недостаток во поглед на опремата, униформата и техничките средства за вршење контрола и истите не се соодветно наоружани, кое влијае на безбедносната состојба во судот.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Основниот суд Свети Николе не успеал да го совлада приливот ниту да го намали заостатокот на предмети од претходната година и се смета за **неажурен суд.**

Предлог мерки:

Потребно е да се пополнат судиските места и административно-стручниот кадар.

## ***ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Судот ја започнал годината со 3.514 предмети, а примил нови 19.500 предмети. Повторно во работа се земени 110 предмети, а погрешно е заведен 1 предмет. Оттука, во работа биле вкупно 23.123 предмети, од кои решени се 19.937 предмети, а нерешени останале 3.186 предмети. Приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 328 предмети, односно за 9,33 % во однос на заостатокот од 2020 година.

**СУДСКА УПРАВА**

Во судската управа како предмети во соодветни уписници постапувано е по 3.434 предмети, решени се 3.418 предмети, а постапката е незавршена по 16 предмети.

Судската управа е раководена од Претседател на судот Емил Глигоров.

**Работа по оддели и квалитетот во работа**

**Кривичен оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.907 предмети. Примени со нови 10.133 предмети и 58 предмети се земени повторно во работа. Вкупно во работа имало 12.098 предмети, од кои решени се 9.306 предмети, додека нерешени останале 2.792 предмети. Заостатокот на предмети е зголемен за 885 предмети или за 46,41 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 3.119 предмети (според податок од табела бр.5 кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 301 предмет. Притоа, 242 предмети или 7,76 % се потврдени, 36 предмети или 1,15 % се укинати и 23 предмети или 0,74 % се преиначени. Процентите се добиени во сооднос со бројот на решените 3.119 предмети.

**Граѓански оддел**

Од претходна година имало заостаток од 1.607 предмети. Примени се нови 9.367 предмети и со 52 предмети земени повторно во работа, како и 1 предмет погрешно заведен, вкупно во работа имало 11.025 предмети. Решени се 10.631 предмет, додека нерешени останале 394 предмети. Заостатокот на предмети е намален за 1.213 предмети или за 75,48 %.

Кај овој вид предмети квалитетот во работата е следниот: од решените 1.148 предмети (според податок од табела бр.5 кој не соодветствува со податок за решени предмети од табела бр.4) обжалени се 224 предмети. Од обжалените предмети 152 предмети или 13,24 % се потврдени, 39 предмети или 3,40 % се укинати и 33 предмети или 2,87 %, се преиначени. Процентите се добиени во сооднос со бројот на решените 1.148 предмети.

**Состојба со стари предмети**

Основниот суд Струмица на почетокот на 2021 година имал 48 стари предмети. На крајот на 2021 година останале 22 стари предмети, што значи дека бројката е намалена за 26 предмети.

**Човечки ресурси**

Според систематизацијата во Основен суд Струмица треба да бидат распоредени 20 судии, но во текот извештајната 2021 година судската функција ја извршуваа 11 судиии заедно со Претседателот на судот.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струмица предвидени се 117 работно место од кои пополнети се 66.

**Просторни капацитети**

Во Основниот суд Струмица во 2021 година не е набавена нова опрема, а постојната е тековно одржувана.

Судот се уште се соочува со недостаток на столоци во судниците и канцелариите, особено што од претходната набавка амортизирани се околу 200 столови, па има приоритетна потреба за набавка на нови столови.

Воедно, според наведеното метал детектор вратата во Судот е во лоша состојба и е потребно итно заменување со нова, а Претседателот смета и дека е потребно да се набави скенер апарат.

Во тек е постапка за опремување на најголемата судница во Основниот суд Струмица со аудио и видео дигитална опрема за следење на судења.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Основниот суд Струмица го совладал приливот и се смета за **ажурен суд**.

Квалитетот во работата се одликува и со висок процент на необжалени одлуки и квалитетно работење во однос на вкупно решените предмети.

Просторните услови и состојбата со информатичка опрема задоволува.

Во наредниот периодот треба да се подобрат капацитетите на информатичката опрема на судот, да се подобри кадровската екипираност, да се набави неопходниот мебел, како и да се замени дотраената метал детектор врата

Потребно е да се продолжи со квалитетно работење.

## ***ОСНОВЕН СУД ШТИП***

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ**

На крајот од 2020 година останале нерешени вкупно 3379 предмети. Во текот на 2021 година биле примени вкупно 21517 предмети, 3 погрешно заведени и 256 предмети земени повторно во работа или вкупно во работа имале 25149 предмети, решени биле 21916 предмети, а останале незавршени 3233 предмети.

Во текот на 2021 година од судска управа биле вкупно во работа 1487 премети, а завршени се сите 1487 предмети.

**Квалитет на ниво на суд**

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2020 година, потврдени се 507 предмети или 7,4%, укинати се 187 предмети или 2,76% и преиначени 63 предмети или 0,93% во однос на вкупно решените предмети.

**Граѓански оддел**

На крајот од 2020 година останале незавршени 1406 предмети, во текот на 2021 година биле примени 5907 предмети, 3 предмети биле погрешно заведени и 143 предмети земени повторно во работа или вкупно во работа биле 7453 предмети, од кои 5872 се решени,а останале 1581 нерешени предмети.

**Квалитет во граѓански оддел**

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2021 година потврдени се 385 предмети или 18,90%, укинати се 110 предмети или 5,40% и преиначени се 30 предмети или 1,47% во однос на вкупно решени предмети..

**Кривичен оддел**

На крајот од 2020 година останале незавршени 1972 предмети, во текот на 2021 година биле примени 14124 предмети, при што вкупно во работа биле 16209 предмети, од кои 14557 биле завршени,а останале незавршени 1652 предмети.

**Квалитет во кривичен оддел**

Според податоците за вратени предмети од Апелациониот суд во текот на 2021 година потврдени се 122 предмети или 2,57%, укинати се 77 предмети или 1,62%, а преиначени се 33 предмети или 0,70 % во однос на вкупно решени предмети.

**Состојба со стари предмети**

На почетокот од 2021 година судот во работа имал 176 стари предмети, во текот на годината примени се 321 предмет, па во работа биле вкупно 497 стари предмет, од кои решени се 322, па на крајот од годината останале 175 нерешени стари предмети.

**Човечки ресурси**

Основниот суд Штип на почетокот на 2020 работел со 13 судии од предвидените 19. Во месец мај еден судија кој е времено упатен во Основниот суд во Берово се вратил. Еден судија заминал во пензија во месец Август, а на еден судија му мирува функцијата бидејки е член на Судски совет. Недостасува и административен персонал во писарница, стручни соработници, дактилографи и технички персонал.

**Просторни капацитети**

Просторните капацитети во кои функционира судот се на задоволително ниво. Се наметнува потреба од повеќе судници, со оглед на тоа дека судии судат во своите кабинети.

За одделението во Пробиштип обезбеден е и опремен простор за негово нормално функционирање.

**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ**

Во Основниот суд во Штип во 2021 година, вкупно во работа биле 25149 предмети, од кои новопримени се 21773 предмети и 1486 од судска управа.

Решени се 21916 предмети и 1487 од судска управа што укажува дека приливот е совладан и заостатокот е намален за 143 предмети.

Во 2020 година останале 176 стари предмети, што укажува на зголемување на старите предмети за 62.

Основниот суд Штип во 2020 година успеал да го совлада приливот на предмети и го намалил заостатокот при што истиот се смета за **ажурен суд.**

Предлог мерки

Во 2022 година да се пополнат сите испразнети места од стручен кадар и административно-технички персонал согласно систематизацијата.

Дополнување со компјутерска опрема, набавка на инвентар и обезбедување средства за реализација на планираните набавки.

Интензивирање на соработката со повисоките судови и остварување на планот за решавање на старите предмети.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**